# ТАВОР

Списание на Кумановско-осоговската епархија
**Година V • Број 14**
**2017**



**ПОДГОТВЕНИ ЛИ СМЕ ЗА БОЖИК?**

**КАДЕ ШТО БОГ САКА, ЗАКОНИТЕ НА ПРИРОДАТА СЕ ПОБЕДУВААТ**

**ДА НЕ ОЧАЈУВАМЕ!**

**ДЕТСКИ БУКВАР**

**БРАКОТ КАКО ТАЈНА**

**ПОДГОТОВКА ЗА ИСПОВЕД**

Царството Твое, Христе Боже, е Царство на сите векови, и владичеството Твое е од род во род; од Духот Свет се воплоти и од Секогашдева Марија се вочовечи, и со Твоето пришествие, Христе Боже, Ти светлина ни засветли. Светлина од Светлина, Очево сијание, го озари Ти сето создание. Сѐ што диши Тебе Те слави, Образу на славата Очева; Ти Кој Си, и пред сите Си, и Кој од Дева ни засветли, помилуј нѐ!

*Од вечерната богослужба на Соборот на Пресвета Богородица*

Тавор • Четворомесечник на Кумановско-осоговската епархија на Македонската Православна Црква - Охридска Архиепископија
Главен уредник: Митрополит Кумановско-осоговски г. д-р Јосиф
Редакција: Милан Јаковчевски, м-р отец Филип Станковски
Печати: „Нипонграфик“, Охрид

*Корица:*
*Црква „Покров на Пресвета Богородица“, Санкт Петербург - Русија.*

# ТАВОР

декември 2017 • година V • број 14

## Литургиски круг

1 За оние што се радуваат во Божикниот пост
*Протопрезвитер Артемиј Владимиров*

6 Подготвени ли сме за Божик?
*Августин, Митрополит Лерински*

9 Свети Антониј Велики како образ за подражавање
*Протопрезвитер Георгиј Папаварнава*

## Живот

35 Силата што ни ја дава Христос
*Атанасиј, Митрополит Лимасолски*

41 Каде што Бог сака, законите на природата се победуваат
*Николај, Митрополит Месогејски и Лавреотикиски*

## Веронаука за возрасни

11 Православна духовност, четврта лекција: Подготовка за исповед
*Презвитер Алексеј Јанг*

17 Буквар на семејниот живот, четврта лекција: Бракот како Тајна
*Протопрезвитер Павел Гумеров*

23 Да не очајуваме!
*Тихон Шевкунов, Епископ Јегоревски*

27 За рајот и пеколот
*Јеромонах Кирил Зинковски*

32 Слово на пастирот
*Одговара Патријархот Московски и Руски Кирил*

## Детски буквар

48 Раѓањето Христово

50 Свети Јован Крстител



*Деца се радуваат на Божик држејќи ѕвезди во рацете во Киев, Украина*

# ЗА ОНИЕ ШТО СЕ РАДУВААТ ВО БОЖИКНИОТ ПОСТ

Протопрезвитер Артемиј Владимиров

Нашата Мајка Црква, драг читателу, има обичај многу денови однапред да ги подготвува своите чеда за извонредните настани што се празнуваат и ја сочинуваат централната оска на нашето овоземно и вечно постоење. Бездруго, празникот на Рождеството Христово, јавувањето на Бога во тело, спаѓа во оваа група настани.

Сета историја на човештвото, започната со падот на нашите прародители Адам и Ева, продолжена преку нивните наследници, историјата на народите и царствата (особено историјата на древниот Израил), сето тоа довело до Витлеем, до таинствената пештера, каде Христос, Спасителот на светот, се појавил во чудесен лик на младенец.

Оттука не треба да нè чуди фактот што и две илјади години подоцна ние, децата на Христовата Црква, не го празнуваме Господовото Рождество туку така, одеднаш и неочекувано, туку зачекоруваме во четириесетдневен пост (како што одамна пропишале светите отци), та постепено да се просветлуваме од чудесната светлина на Рождественската ноќ.

Постот започнува веднаш по празникот на св. Апостол Филип, на 28 ноември, и завршува на самиот празник, Божик, 7 јануари. Последниот ден пред Божик кога може да јадеме непосна храна, го празнуваме споменот на св. Јован Златоуст, архиепископот Константинополски. Типикот за овој пост не е толку строг како за Великиот или Богородичниот пост: риба може да јадеме секој викенд, дури и преку неделата доколку некој празник не се падне в среда или петок. Постот станува построг од Предпразненството на празникот, 2 јануари (кога го празнуваме св. свештеномаченик Игнатиј Богоносец), кога рибата целосно се исклучува од трпезата, барем за оние што се трудат во целост да го почитуваат Типикот на Црквата.

Треба да позборуваме и за Бадник. На овој ден од прастари времиња христијаните јаделе храна зготвена на вода . На трпеза се седнувало дури откако ќе се испееле тропарот и кондакот на празникот; набожниот руски народ не јадел сè додека не изгревала првата ѕвезда на небото, во спомен на витлеемската ѕвезда. Но, доволно со кулирански теми.

Да го насочиме нашето внимание, драг читателу, кон темелникот аспект на постењето: или, како што порано се нарекувало, говение, или „подготовка“ за примање на светите Христови Тајни (и тоа не само еднаш) за време на Божикниот пост. Какви мисли и чувства ќе најдеме ако си ги отвориме умот и срцето (доколку можат да ѝ се потчинат на желбата на нашиот дух), просветлени од благодатта?

Поддршка за нашите мисли и чувства може да најдеме во Евангелијата, во писанијата на св. апостол Матеј (1. и 2. глава) и Лука (2. глава), во кои е дадена основата на текстот на Божикните богослужби. Откако претходно ќе ги прочитаме и препрочитаме овие поглавја, заедно со секојдневното срдечно читање и исполнување на утринското и вечерното молитвено правило (што Црквата го очекува од секој христијанин), и ревносното учествување во предбожикните богослужби, повикани сме да го кренеме умот до невидени висини, а срцата да ги потопиме во најголеми длабочини, за да наситиме со овие просветли созерцанија. Нема да заборавиме, наш читателу, дека искреното исповедање на гревовите, и причестувањето „со страв Божји“ со најчистите Тело и Крв Христови, заедно со искрениот обид да се поправи нашиот живот, го обележува целиот живот на еден христијанин со Божествена сила. Благодатта прави невозможното да стане возможно и го преобразува помрачениот грешник со стврднато срце во светло и блажено дете Божјо. Нови мисли и чувства влегуваат во умот и срцето на вистинскиот, искрен ученик Христов, и пред него се отвора нов свет.

Значи, оставајќи ги настрана сите метежи и сомнежи, верно подај ми ја твојата рака, драг читателу; и, невидливо водени од светите отци, ќе зачекориме во свештениот свет на Евангелското откровение, сокриен од изветвената суета околу нас. Секако дека нема да ти покажам сè, но ќе го видиш најважното. Откако ќе го видиш, труди се да го запомниш за подоцна, во осаменост да го созерцаш се-

то она што се содржи во историјата на Рождеството на нашиот Господ Исус Христос.

Еве, пред тебе се тројцата мудреци од Истокот, кои ги напуштија нивните домови, семејства и татковини - за да ја следат таинствената ѕвезда што пред нив засветли од Јакова... Какви сѐ опасности надминаа, каква храброт покажаа, колку цврста решителност, додека не дојдоа до посакуваната цел на нивното талкање и конечно не ги положија чудесните дарови на злато, смирна и ливан пред Божественото Дете Христос, Кој ги создаде ѕвездите на кои тие порано им служеа!
Спремен ли си, спремни ли сме да отфрлиме секакво служење на тие прелестни идоли што нѐ уништуваат - нашите страсти на гордост, похота и среброљубие - со цел да немаме ништо, освен нашата златна вера во Искупителот, искадена со надежта во Неговата грижа и љубов за нас, посилна од смртта, со која смртта ја победи? Ќе нѐ најде ли Он силни како Каспар, Валтасар и Мелхиор, за да не се боиме од казната Иродова - светот што во зло лежи - и да заминеме по друг пат за својата земја, во земјата на свештен молк и срдечна молитва, што е најголем украс на душата која Го љуби Бога?

А сега, сврти го погледот, благ читателу (се надевам дека не те навредувам, ниту пак предизвикувам цинична насмевка нарекувајќи те вака), кон местото што му е познато на секој современ поклоник во Светата Земја наречено „пастирско поле". Тука се скромните и добродушни пастири, со срца чисти како деца, како сесрдно и будно бдеат во ладната, зимска ноќ... Ним, а не на завидливите фарисеи или праведните книжници, чии срца беа закоравени од нивната ладна наука која никаков плод не им даде на умовите и срцата на народот Израилски, ним ангелот Божји им се појави со зборовите: „Не бојте се! Еве, ви соопштувам голема радост, која ќе биде за сите луѓе; зашто денеска ви се роди во градот Давидов Спасител, Кој е Христос Господ; и еве ви знак: ќе најдете повиен Младенец, како лежи во јасли".



*Грузиски вероучител, облечен како еден од тројцата мудреци, учествува во библио-драма посветена на Рождеството Христово.*

Можеме ли ти или јас достојно да го воспееме нивното чисто срце и очистен ум, што им дозволија на витлеемските пастири не само да го примат откровението, ами и веднаш да го послушаат ангелското повеление, без ни момент да се поколебаат? Можеме ли во нас да го пронајдеме пастирското спасително себеодрекување коешто не дозволи да паднат во длабокиот и цврст сон што го покри сиот град – градот што ниту знаеше, ниту внимаваше на времето, кога беше посетен (Лк, 19,44)? Поучи се, еј читателу, од примерот на пастирите, колку е важно да бдееш над себеси за спасението на твојата душа, односно, секогаш да го имаш духовниот поглед насочено врз полето на твоето срце и да не ги пуштиш волците (порочни и зли мисли) во стадото. Кротките овци се мирот и тишината на срцето, врамнотежените чувствени сили, кои непријателот на нашето спасение, душегубниот ѓавол непрестајно сака да ги помати.



*Божикна Литургија во Санкт Петербург, 2017 година.*

Ако имаш сила и храброст, погледни ја ужасната слика на убиство на невините витлеемски деца, првомачениците Христови, кои ја проплукаа својата бебешка крв поради сатанскиот гнев Иродов... Убиени уште пред да згрешат, својот овоземен живот го завршија пред и да го започнат! Верувај, со сета Црква, во таинственото, промислително и пророчко значење на нивните страдања што не можат да бидат сфатени со умот... И ќе речеме, заедно со поетот од 19. век:

*Мудроста на нашиот Бог над нас*
*Не треба да ја испитуваме и премеруваме:*
*Со смирено срце и верна љубов*
*Богатството смирено го исчекуваме.*

Како ѕвезди на небото, вечните души на Витлеемските младенци нè осветлуваат нас, кои живееме среде ноќта на ова време (во кое праведност неретко недостига), и сведочиме дека „праведноста на небесата живее“, каде што „нема болка, ни тага, ни воздишка, но живот бесконечен“. Нашата вера нека се потсили по себлагата и семоќна Божја Промисла, која и најстрашните злодела од раце човечки ги преобразува во благополезни награди за нивните невини жртви...

И колку повеќе се приближуваме до крајот на постот, толку посветло гори

БЛАГОДАТТА ПРАВИ НЕВОЗМОЖНОТО ДА СТАНЕ ВОЗМОЖНО И ГО ПРЕОБРАЗУВА ПОМРАЧЕНИОТ ГРЕШНИК СО СТВРДНАТО СРЦЕ ВО СВЕТЛО И БЛАЖЕНО ДЕТЕ БОЖЈО. НОВИ МИСЛИ И ЧУВСТВА ВЛЕГУВААТ ВО УМОТ И СРЦЕТО НА ВИСТИНСКИОТ, ИСКРЕН УЧЕНИК ХРИСТОВ, И ПРЕД НЕГО СЕ ОТВОРА НОВ СВЕТ.

чудесната Витлеемска ѕвезда над нашите глави, на мудреците објавувајќи им го Рождеството на Младенецот, и местото каде што е положен... Зраците на оваа умна ѕвезда (според светите отци, ѕвездата всушност била ангелска сила, а не мртво астрономско тело) со нивната нетрулежна, незалезна светлина го просветлуваат примракот во пештерата – градниот кош во којшто е затворено нашето срце... Зраците на оваа ѕвезда, доколку барем малку ја допрат нашата душа, ќе ја доведат до неопислив трепет и небесна радост, каква што не сме познале во овој грешен свет на сетилни и минливи задоволства, што како дим исчезнуваат. Јас сум... сјајната ѕвезда Деница (Откр. 22,16), сведочи Господ. И кој победува и ги пази делата Мои до крај, нему ќе му дадам власт над незнабошците, ќе му ја дадам ѕвездата Деница. Па, кој има уво, нека чуе што им зборува Духот на црквите (Откр. 2,26, 28-29). Добро правите, повторува апостол Петар, што на него му обрнувате внимание, како на светило што свети на темно место, додека денот осамне и Деницата засвети во вашите срца (2Птр. 1,19).

Ѕвездата Деница е скриената молитва на срцето! Се твори не со усни или прсти, туку умносрдечно; целото човечко битие Му го предава на Бога, и го поставува ученикот пред пресветлото лице на Учителот...

Просветлени од невечерната светлина на Божикната ѕвезда, да преминеме, послушен читателу, под сводот на самата Витлеемска пештера... и на време да застанеме, за да не ги преминеме границите поставени за нас, грешните, и да не нѐ изгори светлоста на Божественото Дете, Кое во јасли почива...

Еве Го Ангелот на Предвечниот Совет, Царот на светот, Таткото на времето што доаѓа, како што „старозаветниот евангелист“, светиот пророк Исаија во пророчка, но трезвеноумна опиеност извикал. Еве го, Копнежот на народите, Очекувањето на луѓето, Големото Светило што во светот дојде за да ги просветли оние што во мрак пребиваа! И славејќи го Предпразненството на Рождеството, во оваа ноќ како ден светла, да запееме, читателу, со Црквата сета: „Христос се раѓа, славете... Христос на земјата, вознесете се! Пеј Му на Господа земјо цела...“

Привршувајќи го нашиот расказ те оставам, возљубен читателу, и на Божјата благодат ѝ те доверувам која, според зборовите на апостолот, ги поучува нејзините пријатели повешто од немоќните човечки зборови, па макар биле и од срце произнесени.



*Божикна Архиерејска Литургија во митрополитскиот соборен на св. Николај Чудотворец, Куманово, 7 јануари 2017 година.*

РАЗМИСЛИ

# ПОДГОТВЕНИ ЛИ СМЕ ЗА БОЖИК?



Августин, Митрополит Лерниски

Возљубени во Христа, би сакал да ве прашам нешто. Се прашувам и себеси, ве прашувам и вас: подготвени ли сме за големиот празник Божик?

Има два вида на подготовка: материјална и духовна. Нашата материјална подготовка, помалку или повеќе, е завршена. Домаќинките ги исчистиле домовите, домаќините завршиле, или се при крај, со купувањето, а децата ги очекуваат нивните пакетчиња. Имаме испратено и честитки, на кои сме напишале „Среќна Нова година и Честит Божик". Сето ова претставува световна подготовка, и за мене не е од никаков интерес. Она што ме интересира е духовната подготовка, односно оној вид подготовка што нè подготвува за долично прославување на великиот настан на Воплотувањето на Божјото Слово. Само мал број од нас се соод-

ветно подготвени. Од илјада христијани, се сомневам дали и еден од нив вистински го прославува Рождеството Христово. Дали претерувам? Ајде да видиме.

Како денес го празнуваме Божик? Еден дел од христијаните ќе го прослават Божик „вообичаено“, како што се вели. Откако ќе ги чујат камбаните на Бадник, од навика ќе појдат и ќе присуствуваат на богослужбите. Секако, ова е подобро одошто воопшто да не појдат в црква.

Друг дел ќе ги имитираат странските обичаи, целосно заборавајќи на црковните торжества; со други зборови, Бадник и Божик за нив ќе поминат без Христа. За еден православен христијанин безмислено е да го празнува Божик надвор од богослуженијата, без молитва, без исповед, без света Причест, без проштевање, без милостина. Навистина, ѓаволот посеал некакво ново семе во нашата татковина, и тоа цвета насекаде, како печурки после дожд. На Бадник луѓето, следејќи нам туѓи преданија, приредуваат некакви забави во луксузни хотели и барови, далеку од Црквата, далеку од црковните песнопенија, далеку од Божествената Литургија, и на овие забави се собираат и забавуваат со световна музика, јадење и пиење, и сè што следи потоа. Овој обичај е какол во житото на нашата татковина. Ако продолжи да се шири, секуларниот дух потполно ќе го проголта овој христијански празник.

Значи, некои христијани Божик го слават „вообичаено“; други, пак, црковниот празник го заменуваат со нешто сосем световно. А останатите, што прават тие? Тие заминуваат некаде, не им се допаѓа тука, не им е доволна нашата земја, не им е доволна благодатта. Имаат пари за трошење, па одат на екскурзии и зимувања. На Божик, додека бијат камбаните, овие луѓе ќе бидат далеку од нивните домови, далеку од нивната земја. Незадоволни, скокаат во авион и Божик го слават во Рим, во Лондон, во Париз, на различни места.

Возљубени, овие луѓе, и сите што отворено си ја погазиле верата, го имаат отфрлено Божик од нивните срца. Значи, за мнозина, Божик не е ништо друго, туку само шанса како да се изборат со досадата. Самата, пак, содржина на празникот не ги допира. О, да! Сега или никогаш! Луксузни салони, украсени килими и завеси, звучни јадења и пиења, музика и патувања. Можеби ќе имаат сè, но едно ќе им недостига. И тоа, највредното: самата смисла на празникот! Без неа, каков може да им биде празникот!? На нивниот Божик ќе му недостига Бог!



*Божикна Литургија во Москва, 2017 година.*



*Божикна литија во Витлеем, 2015 година.*

Оти е тоа така? Зошто се случува ова? Како дојдовме дотука? Ова е времето што го предвидел пророкот Исаија. Ќе дојде време, велел тој, кога луѓето ќе се опиваат и без вино. Дојде и тој ден. Современиот човек е „пијан, но не од вино, – се занесува, но не од сикер“ (Ис. 29,9). Бездруго, ако човек се опива, тој прави грев, оти пијаниците нема да го наследат царството Божјо (сп. 1Кор. 6,10). Но, постои еден полош вид пијанство: тешко на оние што без вино се пијани, вели Исаија. Но, од што се опива современиот човек? Некој се опива од љубов кон славата. Друг од љубов кон парите; трет, пак, од жени и непристојни нешта; некој се опива од картање и коцкање, некој од опседнатост со спортски тимови, некој од драми и филмови, а некој од кариера и луксуз. Сум приметил и дека голем број луѓе се опиени од политиката, нешто што претставува особена страст за нас денес.

Ова го кажувам како човек што стои понастрана од партиските политики. Ако човек го отвори моето срце, во него ќе ја најде само мојата татковина и мојот Христос. Во Грција, пак, се забележува една патолошка приврзаност кон политиката. Дури и Божик, празникот неретко е засенет од политички разговори. На никое друго место не сум видел ваква појава.

Во последно време забележувам и дека мнозина се опиваат од она силно вино опишано во Откровението; виното што мисловниот Вавилон им го дава на владетелите и луѓето. Ова вино, како што толкувачите велат, е паганскиот дух и моралниот пад во светот. Ова вино е толку јако што, ако човек проба само неколку капки од него, ја губи верата и заборава на сè. Оттука, значи, најсилното вино не се парите, ниту жените, ниту срамните похоти, ниту другите телесни задоволства, туку световниот дух на современиот живот, оттргнувањето од преданијата, знаењето потсилено од гордост, науката на безбожниците, богоборската револуција, откажувањето од Бога и обожувањето на човекот. Ова вино има опиено мнозина наши современици.

Значи, луѓето се опиваат од многуте вина што во неговата златна чаша им ги нуди кнезот на ова време. Но, ве преколнувам вас, кои не сте опиени од идолите. Се надевам дека зборувам на верници кои знаат само за еден вид на пијанство, светата опиеност за која псалмопејачот ни вели „вкусете и видете дека е добар Господ“ (Пс. 33,8). Се надевам дека ушите ве се отворени, зашто „блазе му на оној кој придобил мудрост и кој ја предава на уши што го слушаат“ (Мудр. Сир. 25,9).

СВЕТИТЕЛИ

# СВЕТИ АНТОНИЈ
## КАКО ОБРАЗ ЗА ПОДРАЖАВАЊЕ

Протопрезвитер Георгиј Папаварнава



*Свети Антоној Велики, икона*

Свети Антониј, пустинскиот учител, е еден од малкуминaта што го добиле називот „Велики". Навистина, тој бил велик атлет во духовната арена и победник во борбите со прелеста, гревот, ѓаволот и многуобразните страсти. Неговото житие, творение на уште еден светител носител на епитетот „Велик", неговиот современик свети Атанасиј, Архиепископ Александриски, е чудесно и восхитувачко, и ова четиво треба да биде храна за сите оние што тежнеат да ја стекнат величината на животот во Христа.

Антониј Велики, со неговото подвижништво и непрестајна молитва, ги достигнал врвовите на духовниот живот и стекнал права мудрост. Себеси се нарекувал „идиот" и бил необразован, но за учител ја имал мудроста на Духот одозгора. Просветлен и вдахновен од оваа мудрост, како што можеме да прочитаме во Старечникот, тој ги давал најмудрите одговори на најразлични христијани кои барале душеполезни совети. Освен овие совети, тој ни ги оставил и Сто и седумдесетте поглавја што се вклучени во Добротољубието и на оние што ги читаат им се од голема полза.

Подвижништво е усилието што еден човек го вложува со цел да ја примени Божјата волја во својот живот. Усилие да ги преобрази страстите, да се очисти од нив, та со сета своја душа и сето свое срце да ги љуби и Бога и луѓето. Невозмож-

но е вистински да се љуби другиот додека истовремено им се робува на страстите, особено на самољубието кое го угнетува човека и го прави тежок неговиот живот. Самољубието е неразумна љубов кон себеси и од него, како од мајка, се раѓаат сите страсти, како гордост, суета, алчност итн.

Во денешно време, ние често говориме за љубов, мир и пријателство меѓу луѓето и народите, и слични работи. Сето ова е добро, но прашањето е како можеме да ги љубиме другите и да бидеме во мир со нив додека сме заробеници на страстите и не можеме да најдеме мир дури ни со себеси? Љубовта, според св. Максим Исповедник е изданок на бестрастието. Се раѓа и негува кај луѓе чие срце е очистено, или барем истрајно и трпеливо се бори за да се очисти од страстите. Понатаму, љубовта е несебична и истрајна во неволите и тешкотиите. Нема рок на траење, туку продолжува и после гробот, таа е „врсник со вековите“. Наспроти неа, острастената љубов е лажна и трае сè дотогаш додека може да им служи и да ги храни, или да биде хранета од страстите. А како е возможно да е силна и истрајна, кога животните околности се менуваат, заедно со интересите, а човечкото тело старее и се менува?

Најголемиот проблем на транзициските општества се човечките страсти. Острастените луѓе предизвикуваат огромни проблеми во семејството и општеството, но и војни и хаос во светот, кога таквите луѓе се наоѓаат на одговорни и моќни позиции. Како што најгласи Митрополитот Јеротеј Влахос: „Гревот има општествени импликации. Болните луѓе ги разболуваат институциите, и потоа таквите институции ги доразболуваат луѓето“. Оттука, за промена на човечките општества кон подобро, или попрво, за нивна хуманизација, потребен е духовен препород на граѓаните на овие општества, што може да се случи преку подвиг, молитва, светотаински живот и општо послушание кон Црквата и црковните институции.

Свети Антониј, преку неговите жестоки битки против духот на злобата и гордоста, стекнал огромно смирение. Но, Бог му открил дека имало некој чевлар во Александрија кој го надминал во духовниот живот, а кој му бил испратен за да го поучи во духовноста. Како што вели старец Софрониј Сахаров: „Преку овој пример тој научил да размислува навнатре. ‘Секој се спасува, само јас сум презрен’“. Овие зборови може да ги истрпат само оние што се искачиле на големите висини на смирението.

Смирението е мајка на љубовта и сите други добродетели. Преподобниот Антониј пожртвувано ги љубел сите и се молел за сета вселена. Карактеристичен е начинот на којшто се однесувал со другите, особено со болните. Со неговата пламена љубов вистински ги тешел и укрепувал.

Еднаш го посетил еден богослов/писател, наречен Дидим, кој бил слеп, но чии душевни очи биле отворени, а за кого, меѓу другото, Антониј рекол: „Не се тревожи, ниту жалости, Дидиме, поради тоа што ти фалат телесни очи. Оти, ти фалат очи со кои може да се видат муви и комарци. Но, ти имаш очи како ангелите, јасновидни, кои светлина гледаат.“ Оваа случка го покажува светителскиот пастирски пристап. Тие не ги разочаруваат, ниту ги презираат луѓето, туку ја потхрануваат нивната љубов кон животот, кон животот во Христа, кревајќи им ги душите од помраченоста, зголемувајќи ја нивната радост, потсилувајќи им ја верата и зкрепнувајќи им ја надежта.

Би завршил со еден совет од свети Антониј: „Потребно е да побрзаме и да ја исцелиме душата од страсти, зашто во иднина ќе ни се суди пред лицето Божјо, та да не бидеме презрени и посрамени“.

ДУХОВНОСТ

# ПРАВОСЛАВНА ДУХОВНОСТ: ПОДГОТОВКА ЗА ИСПОВЕД



Исповед

Презвитер Алексеј Јанг

Во четвртиот дел од серијата предавања на отец Алексеј пренесуваме длабоки и практични совети за тоа како да се познаат и покаат сопствените гревови, но и како да се заменат со добродетели. Светителите, и особено Пресвета Богородица, можат да ни послужат како пример и инспирација при чекорењето на патот на добродетелите.

Честопати се прашуваме колку често треба да одиме на исповед. Одговорот е едноставен - секогаш кога на совеста ни тежи некаков грев. Испитајте ја вашата совест и молете Го Бога да ви ги открие вашите согрешенија; ако човек не знае кој е, тогаш тој не знае и зошто и од што дошол Христос да го спаси. Ова може да биде тежок процес, но сепак е неопходен. Ваквото истражување на себеси ќе ни открие колку сме самољубиви, заробени и опрелестени. Нашите гревови се навреда за семоќниот

*Транскрипт од четвртот дел од циклусот предавања на тема „Православна духовност“. Претходните делови може да се прочитаат во минатите броеви на „Тавор“.*

Бог. Тој сака да ни прости и да ни ја подари Неговата милост. На нашиот пат кон стекнување на светост, ние треба да тежнееме да ги избегнуваме не само потешките гревови, туку и оние, најмалите. Нашите гревови прават ние и нашите ближни да сме несреќни. Во тој случај, зошто човек би сакал да греши?

Св. Јован Кронштатски велел дека ако човек макар само еден ден поживее во послушание кон сите заповеди, тој ден би бил предвкус на Небесата. Штом еднаш ќе ги спознаеме и презреме нашите прегрешенија, тогаш може да почнеме со нивно заменување со добродетели. Сепак, треба да знаеме дека ова нема да се случи одеднаш. Човекот треба да сфати дека тој е сложено и слабо создание, и соодветно на тоа и да постапува: ако си помисли дека одеднаш ќе престане да греши, тоа е само пројава на неговата гордост. Значи, треба да започнеме со бебешката храна на духовната борба, па дури потоа да преминеме на јакото вино.

Како треба да си ја испитуваме совеста? Ова треба да се прави секојдневно, и на испитувањето да му се посветува време секоја вечер. Совеста може да ја испитаме преку десетте заповеди, блаженствата или нешто друго како водич. Мојот духовник, о. Серафим Роуз, ме поучуваше вака да се испитувам: „Како згрешив пред Бога? Пред ближниот? Пред себеси?“

Преку испитувањето на совеста ќе започнеме да откриваме кои се нашите позначајни страсти - тоа се гревовите што најчесто ги правиме, што сакаат да нè заробат. Можеби станува збор за љубов кон луксуз, или желба за моќ, можеби постојано се поплакуваме поради нешто, или им судиме на другите, итн. Едно од посериозните нешта што може да ги правиме, а да не знаеме дека се работи за грев, е постојаното давање на „учени совети“ кои другите можеби нема да ги послушаат, што пак, многу ќе нè разлути.

За да се победат пороците, треба да ги практикуваме нивните противположени добродетели. Во ова може да ни помогне Лествицата. Св. Јован Лествичник ги анализирал сите добродетели и пороци како вистински психолог, и поставил еден богоцентричен сисем на причинско-последнични односи. Идентификувај го твојот доминантен порок, пронајди ја добродетелта што е наспроти него и започни да се бориш да ја стекнеш. Доколку се ограничиш само на одбегнување на порокот, нема да постигнеш успех, зашто во тој случај на местото на страста што не ја задоволуваш ќе дојде некоја друга страст. Ако постапуваме по советите на св. Јован Лествичник, ќе видиме дека духовниот живот функционира!

Најчесто не сакаме никој да ни ги посочи нашите прегрешенија, на сепак, должност на духовниот отец е да го стори токму тоа.

Секој од нас, исто така, има и доминантна добродетел. Ако малку се потрудиме да поработиме на неа, ќе ги привлечеме и другите добродетели. Секој порок може да се надмине доколку се вежбаме во умот постојано да си повторуваме дека секогаш стоиме пред Бога, односно доколку станеме свесни дека Бог постојано нè гледа и слуша. Една од причините поради кои во домовите имаме икони е токму оваа: тие ни служат како двонасочен прозорец од и кон Небесата. Пред да направиме или речеме било што, да се прашаме: „Би го сторил ли ова в црква, пред олтарот?“ Ако одговориме негативно, тогаш најверојатно не треба да го правиме нештото. Црквата е par excellence место каде што одиме за да бидеме во Божјото присуство и да Го примиме Бога.

Богородица најсовршено се подвизувала во согледувањето на Божјото присуство. Нејзините добродетели растеле, и затоа таа има моќно влијание врз другите луѓе. Луѓето станувале подобри од самото нејзино присуство.

Најраспространета страст е **гордоста**; таа е мајка на сите гревовии. Нејзина спротивност е смирението. Ниту една душа не може да стекне светост без во нејзе да нема барем малку смирение; сепак, целиот живот гордоста ќе нè демне од најтемните длабочини. Адам и Ева паднале затоа што ја послушале змијата и сметале дека нештата ги разбираат подобро од Бога. Тоа е гордост. Секој од нас слугува на еден од овие два господари - малата гордост или малото смирение. Гордоста е себељубие, почеток на сите гревови, заборав дека за сè во животот зависиме од Бога.

Од смртта нè дели многу малку. Нашите животи се многу кршливи, а гордоста прави да Му се спротивставуваме на Бога, работејќи за своја слава.

Гордоста го прелажува умот, и за гордиот човек тоа што тој го мисли и знае е поважно од она што Бог го мисли и знае. Таа се пројавува и како желба другите да мислат добро за нас, да нè почитуваат; ова е особено големо искушение за свештениците, и најчесто доаѓа од следбениците кои се во постојана потрага за најдобар водич или гуру. Свештеникот мора да направи сè што може за да остане смирен пред пофалбите и критиките од другите луѓе. Всушност, критиките против свештеникот се благослов што треба да го смири, нешто што на крај ќе биде добро за целата парохија. Гордоста се согледува и во преголемата попустливост кон другите, но и преку лесната гневливост, многуговорливоста и склоноста кон расправи.

Светите отци ни го дале противотровот за премин од порок во добродетел. Духовниот живот е наука, а не облик на уметност. Мнозинството од нас не сме духовно напредни, и оттука се јавува потреба за закони и укажување на причинско-последична поврзаност, со цел да се поучуваме во духовноста. Свети Јован Лествичник вели дека противотров за гордоста е молитвата. Најди каде делува гордоста во твојот живот и моли се Бог да ти подари сили да се бориш против неа. Човечката сила е слаба. Мора да сфатиме дека сè зависи од Бога. Додека се молиме, ние се користиме со Божјата благодат, и само тогаш може да направиме сè - па и планини да поместиме!

Гордоста може да се преобрази во смирение само преку дела на смирение, особено преку прифаќање на понижувањата. Ако некој те критикува, дури и неправедно, ако некој те навредува или зборува за тебе зад грб, наместо да се правдаш, прифати ја критиката! Ваквото радосно справување со нашите, но и туѓите мали „неуспеси“ е носење на бремето еден со друг (сп. Гал. 6,2). Важно е да успееме да се носиме со фактот дека можеби другите погрешно нè разбираат, без да се жалиме или самооправдуваме. Склони сме честопати да си ги простуваме своите гревови и да го наметнуваме своето мислење врз другите. Кога ќе научиме да ги прифатиме понижувањата што ни ги упатуваат другите, тогаш ќе научиме да бидеме смирени. И како што гордоста е мајка на сите гревови, така и смирението е мајка на сите добродетели.

Друга сериозна страст е **алчноста**, и таа е спротивна на неприврзаноста и самоодрекувањето. Алчноста е посакување на многу блага, моќ врз другите итн. Оваа страст се победува со негувањето на духот на дарежливоста. Господовата заповед за подарување на облеката е прилично буквална (сп. Мт. 5,40). Св. Јован Шангајски често знаел да се врати во црква речиси разголен, затоа што попат ја раздавал својата облека на сиромашните и гладните. Истото го правел и св. Јован Кронштатски. Не мора да се откажете од сè што имате, но треба да се погрижите да не сте острастени кон ниту една од стварите што ги поседувате. Дух на нестекнување може да имаме дури и да не сме сиромашни - така што ќе го купуваме само тоа што ни е вистински потребно.

Имало еден германски лутерански пастор, Ричард Вурмбрант, кој бил затвореник на романските и руските комунисти. Запрашан како се справил со тоа што бил затворен во самица, тој одговорил дека претходно долго се вежбал на осаменост. Понатаму, тој им препорачал на богатите Американци да одат во продавница во која не планираат да купат ништо, и секој пат кога ќе здогледаат нешто што им се допаѓа, да се приближат до него, да го погледнат и да речат „ова не ми е потребно". Ако редовно се вежбаме на овој начин, ќе успееме полесно да се откачиме од овоземните добра. Пасторот сфатил дека не зависи од нештата што ги поседува, а повеќето од нас себеси се опишуваме преку нештата што се наоѓаат околу нас.

Пустинските отци имале еден псалтир и газиена ламбичка, и тоа било сè: тие биле слободни и Му припаѓале на Бога.

Треба да се вежбаме во дарежливоста и самоодрекувањето. Во овие добродетели ќе се вежбаме ако се откажеме од кредитните картички, на пример. Живееме во свет во кој со малку имагинација и кредитна картичка може да патуваме каде и да посакаме, низ просторот и времето. Никогаш претходно вакво нешто не било можно, и кога човек малку ќе подразмисли, ќе види дека ова не е нормално. Затоа, да се потрудиме да поживееме едноставно, да ги љубиме и да се грижиме за другите, а сите благослови да ги користиме за доброто на Црквата, сиромашните, немоќните. Потребен ни е, исто така, и духот на неприврзаност за луѓе. Можеби нашите чувства кон другите не се неморални, но се едноставно пресилни. Не треба да се дефинираме ниту преку луѓето со кои сме опкружени. Духот на христијанска сиромаштија ни го дава тоа што вистински ни е потребно. Човек не треба да оди и да купи нешто само затоа што некој друг го има истото тоа. Секако, неприврзаноста не значи мрзеливост, неуредност, запуштеност, хаотичност, небрежност, или било што помалку организирано и помалку чисто - сето ова би било само пројава на самољубие. Христијанското сиромаштво не е скржавост, зашто тогаш би било алчност.

Стекнувањето може да стане страст што се шири дури до стварите што не се вредни за стекнување. Алчноста е и тага поради тоа што го немаш, а другите го имаат. Алчноста е скржавост. Кога му даруваш на просјакот, ти всушност на себе



*Исповед*

си даруваш. Во милостината не станува збор за оние што просат, туку за тебе, и што за тебе кажува тоа дека не сакаш да даруваш. Во нашето трезвеноумие нема време за одмор - алчноста или гордоста постојано бараат начин да се провлечат. А противотров за алчноста, како и за гордоста, е молитвата.

Каква ќе биде ползата на човека ако и цел свет го добие, а душата си ја изгуби - врамете го ова и ставете го на видлив ѕид дома!

Што се однесува до **похотата**, Црквата нè учи дека чистите по срце ќе се искачат на гората Господова и ќе Го видат Бога. Иако „Блажени се чистите по срце, зашто тие ќе Го видат Бога“ особено е насочено кон сексуалните гревови, сето ова се однесува до скромноста и целомудрието, соодветно на контекстот на нашиот живот, а не само на отсуството на блудот и прељубата. Нашата култура е потоната во ѓубриште на неморал и похота, кои пак владеат со секој дел од индустријата за забава и трговијата, но Христос ги бодрел Неговите ученици да бидат целомудрени и девствени.

Дури и навидум „невините“ нешта бараат дисциплина, како на пример, претерувањето со гушкање во црквите. На пример, монасите и монахињите не се гушкаат - тие го разменуваат целивот на мирот. Никогаш го немам гушнато мојот духовен отец, о. Серафим, иако многу го сакам. Секако, ова не значи дека прегратката е нешто ужасно, меѓутоа овде зборувам за аспектот на распуштеност во нашата култура, што се гледа во разголувањето, на пример. Во црква гледаме жени облечени во панталони, мажи во шорц, и слично. Облеката не е проблем сама по себе. Но, доколку појдете на чај кај Кралицата, сигурен сум дека ќе се облечете во најдоброто што го имате. А во црква, на средба со Бога, одите како да сте дошле од излет. Треба да ги вратиме повисоките стандарди. Мажи, не треба да носите вратоврски за в црква, но не треба ни да носите шорц, кратки ракави или претесни фармерки.

Со похотата може да се бориме преку постот. Св. Јован Лествичник, во неговата Лествица вели дека од ненаситноста се раѓаа многу гревови, особено похотата. Со благослов од духовникот, може да постиме и надвор од пропишаните од Црквата денови за пост, со цел да се избориме со оваа страст. Секој што усрдно постел се уверил дека искушенијата во голема мера се намалуваат, па дури и исчезнуваат.

Потребно е да научиме да внимаваме на очите. Монасите знаат дека не треба многу да се шара со очите - чувај си ги очите на патот по којшто одиш. Од фотографиите на светителите што ги имаме, може да забележиме дека честопати тие не ни гледаат во фото-апаратот; тие научиле да ги воспитаат очите, за да не ѝ наштетат на душата со сликите што преку очите влегуваат. Во вечерните молитви просиме прошка доколку сме виделе некого, и поради тоа сме биле повредени во срцето. Потребна е контрола и на нашиот ум, особено да не си воображува, фантазира итн.

Противотров за похотата е молитвата. Духовниот живот е една постојана борба што завршува дури откако ќе умреме. Не се бориме против тело и крв, туку против поднебесните ангели (сп. Ефес. 6,12).

НА НАШИОТ ПАТ КОН СТЕКНУВАЊЕ НА СВЕТОСТ, ТРЕБА ДА ТЕЖНЕЕМЕ ДА ГИ ИЗБЕГНУВАМЕ НЕ САМО ПОТЕШКИТЕ ГРЕВОВИ, ТУКУ И ОНИЕ, НАЈМАЛИТЕ, НО И ДА СЕ ВЕЖБАМЕ ВО ДОБРОДЕТЕЛИТЕ.



*Трпеза на љубовта по Литургија, Аљаска.*

Испитај ја совеста, откриј ги твоите најсилни добродетели и пороци, и побарај совет од духовен отец. Душата е градина што честопати се задушува од плевелот на страстите. Наша задача е да се научиме како, еден по еден, да го искорнеме плевелот од цвеќето на добродетелите.

**Прашање: Ако човек се бори, а сепак не се изборил со страстите, дали ќе влезе во Царството Божјо?**

**Одговор:** Прво мора да сме сигурни дека вистински и искрено се бориме. Честопати се самозалажуваме дека сме бориме, а всушност, ние не сме ни покајале. Не мора да достигнеме совршенство, но во срцето треба да ни се насети победата.

**Прашање: Се надевам дека не треба да даваме милостина секому, зошто во тој случај и ние ќе осиромашиме, нели?**

**Одговор:** Повикани сме да даваме милостина, но тоа треба да го правиме разумно. Секако, треба да сочуваме пари и за семејството.

**Прашање: Која е разликата меѓу самопочитување и самољубие?**

**Одговор:** На некои луѓе им е дадена благодат да ја согледаат оваа разлика, но ретки се таквите - и тие се како маченици. Околу ова прашање потребна е особена внимателност. Современата култура ни кажува дека како луѓе сме само малку над животните, а понекогаш дури и под животните. Затоа, луѓето денес се борат за да ги спасат китовите, но не и нeродените бебиња. Од друга страна, пред 150 години како човештво сме верувале дека сме само малку подолни од ангелите, и луѓето се труделе да живеат соодветно на ваквото достоинство. Општо земено, луѓето ќе живеат подобно на образот што веруваат дека го носат.

Како луѓе треба внимателно да негуваме самопочит, но не и гордост. Самопочитувањето го негуваме затоа што сме создадени по образот Божји. Но, не треба да се вреднуваме според другите луѓе.

**Прашање: Но, како да ја сочуваме оваа здрава рамнотежа? И дали е грев да се украсува домот, и такви нешта?**

**Одговор:** Како добри ученици Христови, имаме одговорност да облагородуваме сè околу нас. Но, треба здраворазумно да размислиме колку пари ќе потрошиме на украсување и уредување на домот. Секако, има луѓе што имаат луксузни домови, но истовремено и делат милостина. Сето ова се менува од случај до случај. Може да се опкружиме себеси со убавина, и тоа да биде добродетел.

БРАК



Венчание

# БУКВАР НА СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ
# БРАКОТ КАКО ТАЈНА*

Протопрезвитер Павел Гумеров

Зошто е важно младите да се крунисаат в црква? Која е симболиката на прстените и круните? Зошто невестата и младоженецот се завртени кон исток за време на крунисувањето? Какво е значењето на „да го/ја љубиш како што себеси се љубиш“? Како правилно да ги сфатиме зборовите „Жената треба да се бои од својот маж“?

Здраво, драги пријатели! Нашата серија предавања насловени „Буквар на семејниот живот“ продолжува со дискусија за духовниот живот на едно семејство и неговиот почеток, односно Тајната на бракот.

*Транскрипт од четвртиот дел од циклусот предавања на тема „Православна духовност“. Првите три дела може да се прочитаат во претходните броеви на „Тавор“.*

* Зборот Тајна и Таинство во текстот се употребуваат напоредно, и се со значење Света Тајна.

Бракот може да се спореди со крштението, односно тој може да се смета за крштение на едно ново семејство. Во случајот со крштение, имаме новороденче кое, откако родителите му подариле живот, а од Бога примило бесмртна душа, доаѓа на овој свет; тоа сега треба да се „продухови“, да Му се посвети на Бога, да се освети во Тајната на крштението. Истото се случува и со семејството. Создавањето на семејство е Тајна: двајца потполно различни луѓе странуваат една целина, но и она оваа заедница ѝ е потребно осветување - Тајната на бракот.

Во рацеве држам Требник - тоа е книга во која се запишани последованијата на службите за црковните тајни што се служат во една парохија: Тајната на бракот, но и на крштението, миропомазанието итн. Денес ќе зборуваме за прстенувањето и венчанието.

## Важноста на црковното венчание

Дали е неопходно човек да се венча во црква? Да, бракот мора да биде благословен. Многу парови со сомнеж доаѓаат во црква: „Не сме подготвени за црковна венчавка. Ајде, можеби ќе размислиме и ќе дојдеме подоцна...“ За верните христијани, прашањето дали е неопходна црковна венчавка е несфатливо. Ако се роди дете - го крштеваш; ако се жениш - треба да го продуховиш бракот, да Му го посветиш на Бога.

За да се започне со семеен живот, потребно е да се измоли помош од Бога. Секое добро дело го почнуваме со молитва: служиме Молебен пред да тргнеме на пат, пред да започнеме со градење на куќа, итн. И секако, пред да започнеме да градиме семејство, мора со чисто срце да Му се помолиме на Бога, за Господ да ни даде благодат. Но, Бог нема да нè спаси без самите да го побараме тоа. Значи, Таинството на бракот не е некаков магичен ритуал што ги врзува брачните другари за цел живот без оглед на нивната состојба или вера, и после него сè ќе оди како подмачкано, како што тие однапред испланирале. Не! Секако, Таинството, и секој друг обред, како благословување на ново возило, нема ефект без верата на човекот што учествува во него: ако човек смета дека свештеникот ќе направи сè што треба, а тој нема што да се труди, не треба да се моли, ниту да ги почитува сообраќајните правила, јасно е дека тој нему Таинството нема да му користи. Исто е и со бракот: сопружниците мора да водат христијански духовен живот, да се молат еден за друг, да бидат православни христијани и, секако, самите да Го молат Бога за помош, верувајќи во Таинството што го совршиле, а во кое Бог ќе им помага.

## Прстенување

Таинството на венчание започнува со прстенување. Прстенувањето е обред (не е Света тајна), во кој идните сопружници разменуваат прстени. Инаку, во раните векови по Христа, прстенувањето не било христијански обред: тој одел рака под рака со правното регистрирање на бракот. И денес е така во Русија, каде што Црквата е одделена од државата. Таинството на бракот се совршува одвоено од граѓанската регистрација, која пак се случува во зградата на општината, матичната служба. Слично било и во Руското Царство. Секој брак благословен и крунисан од еден епископ или свештеник - морал да биде легално регистриран. Оттука, велиме дека бракот има две димензии: правна и духовна.

Обредот на прстенување се совршувал со размена на прстени и потпишување на определени документи во присуство на сведоци - Римското Царство строго се


*Прстенувањето му претходи на венчанието.*

придржувало до водењето записи за граѓанскиот стастус, владеењето на правото и почитувањето на римските закони.

Венчалниот обред што денес се врши во Црквата во утврдени денови се развивал низ вековите и денешниот облик го добил некаде во 14. век. Тешко е да се каже како изгледало венчанието во првите векови. Но, едно знаеме: епископот ја воведувал двојката в црква, откако претходно бил склучен граѓански брак, па читал одредена молитва, ги благословувал, и потоа тие двајца заедно се причестувале на Литургијата. Денес најчесто бракот не се склопува на Литургија, но заедничкото причестување на младенците е пресликано во пиењето од заедничката чаша за време на венчанието.

Значи, прстенување. Сопружниците разменуваат прстени - свештеникот им ги разменува. Според едно строго православно предание, невестата носи златен прстен, а младоженецот сребрен. Но, тоа не се нивни прстени: младоженецот го носи прстенот на неговата невеста, зашто среброто е симбол на месечината, која својата светлина ја прима од сонцето, а невестата - тој на својот младоженец - златен, како сонцето.

Но, зошто си разменуваат прстени? За и двајцата постојано да се сеќаваат еден на друг. Да не заборавиме и дека прстените се затворен круг без почеток и крај, симбол на вечноста и бесконечноста. Оваа размена на прстени може да се спореди со врзаните птици. Во богословија, монасите ги задеваа брачните ученици, нарекувајќи ги „врзани“. Не мислам дека оваа шега е лоша; на крајот на краиштата, што значи да се биде врзан? Значи да му припаѓаш на другиот. Врзаната птица има господар што ја надгледува и ѝ поставува одредени правила...

И така, свештеникот, преку власта што му е дадена од Бога, ги разменува прстените, ставајќи го прстенот од младоженецот на раката на невестата, и невестинскиот прстен на раката на младоженецот. Вообичаено, прстените се изработуваат во соодветна големина, и се очекува младенците да не ги вадат. Се очекува секогаш кога ќе го погледнете прстенот, да се сетите дека на раце го носите прстенот од вашиот партнер.

За време на прстенувањето се читаат посебни молитви и се произнесуваат прозби за благослов и помош во брачниот живот. По прстенувањето следи Таинството на венчание, односно брак.

## Брак

Ќе се восредоточам на главните точки од ова Таинство, затоа што обликот на нашиот разговор не дозволува подлабока анализа.

Таинството започнува со мирна ектенија, во која, освен вообичаените прозби, се додаваат и прозби за мир, љубов, слога, дарување на деца и благослов за заедничкиот живот на двојката.

Потоа се читаат три молитви во кои се спомнуваат старозаведните праведници кои преуспеале во семејниот живот: Авраам и Сара, Јоаким и Ана, Захариј и Елисавета, како и други светители кои ги почитуваме како воини на верата и икона на незлобивост во брачниот живот, и на кои треба да се угледаме во својот семеен живот.

Следува самото Таинство: свештеникот полага круни или венци врз главите на оние што се венчаваат, оттука и самото име: овенчување, крунисување. Инаку, и овој чин не бил присутен на самите почетоци, но знаеме дека веќе во 4. век оваа пракса била присутна, затоа што св. Јован Златоуст пишува за неа. Зошто круни/венци? Светите отци велат дека од една страна, се работи за маченички венци кои се даваат поради подвигот што претстои. Маченикот е овенчан поради неговата вера и издржливост во неговото исповедување на Христа. Сопружниците се овенчуваат како луѓе што ја одржале верноста еден кон друг и ја запазиле девственоста и целомудреноста за почетокот од нивниот брачен семеен живот. Но, круните имаат и царско значење, затоа што со овој чин се создава и ново царство - семејството, во кое има цар и царица. Претходно, и двајцата живееле со нивните родители, и не биле господари, но сега започнува нова фаза во нивните животи. Царот и царицата ќе имаат народ со кого ќе раководат - нивните деца. Митрополитот Антониј Сурошки вели дека порано, двојката што се крунисувала се нарекувала „принц и принцеза“. Значи, круните се симбол и на авторитет, крунисување на едно ново царство.

Потоа доаѓа читањето на важните текстови од Посланието до Ефесјаните од апостол Павле, за обврските што мажот и жената ги имаат еден кон друг. Тука се открива длабочината на оваа служба, зашто согледуваме дека венчанието е образ на единството меѓу Христа и Црквата. Апостолот вели дека како што Христос е главата, спасителот на телото кое е Негова Црква, така и невестата Христова е Црква, а Господ е подготвен ја даде и душата Своја за Црквата, како што и ја дал, принесувајќи се како жртва на Крстот. Значи, и сопругот треба да е подготвен за својата сопруга да даде секаква жртва, па дури и највредните нешта во животот.

„Зашто мажот е глава на жената, како што е Христос глава на Црквата, и Он е Спасител на телото. Но, како што Црквата Му се покорува на Христа, така и жените да им се покоруваат на своите мажи во сѐ. Вие, мажите, сакајте ги жените свои, како што и Христос ја засака Црквата и се предаде Себеси за неа“ (Ефес. 5,23-25). Тука се говори за тоа дека Црквата треба да Му се покори на Христа, и како Христос треба да се грижи за Црквата, зашто е нејзина глава. И сопругот, како глава на црквата - семејството е мала црква - се споредува со Христа. Да, семејствата се нарекуваат „мали цркви“ или „домашни цркви“. Зошто? Знаеме дека Господ го создал човештвото како семејство: на почетокот, семејството на Адам и Ева, а потоа Црквата Божја. Дури и манастирите го имаат запазено овој образ на семејство, и неговите жители меѓусебно се нарекуваат „браќа во Христа“ и „сестри во Христа“, а се под раководство на еден отец, на пример, игумен или игуманија.

Човек не се спасува сам, туку во заедница. Дејствувајќи взаемно, служејќи си еден на друг, ние се спасуваме. Најважна-

та задача при основање семејство е токму спасението на неговите членови: заедно чекориме кон спасение. Не попусто додека се венчаваме гледаме кон истокот, а двојката не гледа еден во друг... Како што рекол Антоан де Сент-Егзилери: вљубените не гледаат еден во друг, туку заедно гледаат во ист правец. За нас, христијаните, правецот е самиот Возглавител - Истокот, Изворот.

Истото може да се каже и за мажот и жената во оваа мала црква: мажот е главата, свештеникот, а жената е ѓаконот, служителот. Зборот „ѓакон“ се преведува како „служител“ за време на совршување на Таинствата. А нивните деца - еве ме мене и децата што ми ги даде Господ - се парохијаните во оваа малечка црква. Задачата на ова семејно бротче е спасението: „каде се двајца или тројца собрани во Мое име, таму сум и Јас посреде нив“ (Мт. 18,20) и токму ова е најважната причина поради која се венчаваме, и поради која бракот го благословуваме да биде малечка црква.

Инаку, некои делови од службата на венчание се многу слични со службата на ракополагање: новиот свештеник врти околу престолот исто како што младенците вртат околу аналојот, а ги пееме и истите тропари, само по различен редослед. Како што свештеникот се венчава за Црквата, така и младоженецот се венчава за невестата.

Во апостолското чтение се говори за една друга, многу важна страна на бракот - а тоа се должностите на сопругот: „мажите се должни да ги сакаат жените свои како што ги сакаат своите тела; оти, кој ја сака жената своја, тој се сака и самиот себеси. Зашто никој никогаш не го намразил телото свое, туку го храни и го затоплува, како и Господ Црквата“ (Ефес. 28-29). Значи, идната сопруга се споредува со самото тело на нејзиниот сопруг. Има една мисла што е значајна: „да ја сакаш, како што самиот себеси се сакаш“. Некои луѓе мислат дека овде станува збор за некаква страсна љубов, но овој израз има сосема поинакво значење. Секој од нас сака да биде почитуван, да го почитуваат, да се грижат за него - токму тоа значи „како што самиот себеси се сакаш“. Никој не сака да биде измачуван, непрестајно задеван, лошо да се однесуваат кон него. Многу е просто: сакаш другите да те третираат добро и да ти биде добро? - тогаш истото прави им го и на другите.

Но, во ова апостолско зачело што се чита на венчание, заповедана е една поголема љубов: на мажите им е заповедано да ги љубат нивните жени онака како што Христос ја возљубил Црквата. Што напра-

ЧОВЕК НЕ СЕ СПАСУВА САМ, ТУКУ ВО ЗАЕДНИЦА. ДЕЈСТВУВАЈЌИ ВЗАЕМНО, СЛУЖЕЈЌИ СИ ЕДЕН НА ДРУГ, НИЕ СЕ СПАСУВАМЕ. НАЈВАЖНАТА ЗАДАЧА ПРИ ОСНОВАЊЕ СЕМЕЈСТВО Е ТОКМУ СПАСЕНИЕТО НА НЕГОВИТЕ ЧЛЕНОВИ: ЗАЕДНО ЧЕКОРИМЕ КОН СПАСЕНИЕ.



вил Христос за Црквата? Го положил животот за неа. Дали сакаме со ваква љубов? Не да си наштетиме себеси, но сепак, заради другите, може одвреме-навреме да направиме нешто што не ни е баш по ќеиф. Кога еден член од семејството ќе се разболи, на пример едно дете, сметам дека секој нормален родител без двоумење би се откажал од својот бубрег за да му го донира, доколку е тоа потребно; и не само едниот бубрег, туку и двата, и животот, и станот, само за детето да преживее, да биде здраво... Ближните и драгите луѓе ги сакаме по секоја цена, па дури и на своја штета, што значи дека ги сакаме повеќе отколку што се сакаме себеси. И таква е возвишената љубов што Господ ни ја заповеда во Таинството на бракот, а ни се открива во читањето на ова апостолско зачало.

Текстот завршува со зборовите „жената да се бои од мажот свој“ (Ефес. 5,33). Обично, громогласните чтеци или ѓакони гласно и со стравопочит го произнесуваат овој стих, а луѓето почнуваат да се смеат, сеќавајќи се на некаква епизода од својот или животот на блиските. Што значи ова, жената да се бои од мажот свој?

Прво да се потсетиме што се чита пред овој стих: „Секој од вас да си ја сака жената своја, како што се сака себеси“, односно, рековме и претходно, како што Христос ја сака Црквата. Но, што значи ова „да се бои“? Како што често се случува, боење, плашење, има најразлични значење. На пример, знаеме дека во Псалмите, Давид вели: „Служете Му на Господа со страв и радувајте се со трепет“ (Пс. 2,11). Значи, во стравот има и трепет - тоа е однос на стравопочит. Не се работи за некаков страв од казна или деспотски однос, туку страв да не се понижи или навреди саканиот, ближниот и драгиот. За вакво боење станува збор.

По Апостолот следи Евангелието нам добро познато, за тоа како Господ бил на свадба во Кана Галилејска и го благословил бракот, совршувајќи го Своето прво чудо токму таму - преобразувајќи ја водата во вино. Митрополитот Антониј Сурошки, толкувајќи ги овие стихови, зборува дека во брачниот живот може да дојде до момент кога и двајцата ги исцрпуваат своите резерви на љубов, кога нивниот однос заладува, и дека токму тогаш тие мора да се молат Бог да им помогне и повторно да ги наполни празните садови во нивните души, нивната љубов со ново вино и нова благодат, што Господ секако ќе им ја дарува.

Потоа двојката се воведува околу аналојот како симбол на вечност и радост, како што при крштението нѐ водат околу купелот. Потоа следи отстранувањето на круните, и честитките за нововечнаните младенци, со што службата завршува.

❀ ❀ ❀

А сега неколку збора за духовниот живот на семејството. Духовниот живот извира од Таинството на бракот. Семејството е мала црква, како што веќе реков, и сопружниците секојдневно решаваат различни проблеми: како да се воспитуваат децата, како да се решат некои финансиски проблеми итн. Но, најважната задача или проблем за решавање е спасението - за да бидат заедно не само тука, туку и во вечноста, еден со друг и со нивните деца. Како што вели св. Јован Златоуст, задачата и одговорноста на мажот не е само да се грижи за духовното воспитување на неговите деца, туку и за духовното воспитување на неговата жена. Односно, мажот треба секогаш да е неколку чекори пред жената, за да не мора таа да го влече во црква за да се венчаат, да не мора секоја недела да го буди за да одат и да се причестат итн. Мажот треба да биде главата, да стои напред на малиот црковен брод.

Нека Господ ви помогне во оваа тешка, но блажена, спасителна и среќна семејна пловидба! Нека Господ и Мајката Божја ве пазат!

СЕМЕЈСТВО

# ДА НЕ ОЧАЈУВАМЕ!

Тихон Шевкунов, Епископ Јегоревски




Општо земено, се подразбира дека христијанските семејства се постабилни од нецрковните. Меѓу нашите парохијани постојат и разведени, но тоа претставува ретка појава, иако во Сретенскиот манастир доаѓаат илјадници луѓе, од кои поголемиот број се млади, средовечни. Но, мора да признаеме дека бројот на разводи меѓу православните расте. Без оглед на тоа дека ми е тешко да го признаам ова, во последниве години разводите се сè почеста појава, дури и во свештеничките семејства. Би можеле да речеме дека христијанските бракови се сè помалкубројни и попроблематични. Зошто?

## Зошто се распаѓаат браковите меѓу христијаните?

Прва и општа причина - желбата да се ужива во сите задоволства што животот ги нуди. Вулгарната цел на хедонистите - да се земе што повеќе - тоа е, ако не главната, тогаш во голема мера пресудната причина, и ова важи и за воцрковените луѓе. Стануваме сè посебични. Секако, ова се однесува и на нас, свештениците.

Втората причина: православните, за кои и зборуваме, едноставно не научиле што е тоа христијански брак. А примери на среќни, долгогодишни, одговорни сопружници се ретки. Додека, примери од другата страна - беспомошни сопружници, роднини, свештеници на кои им се распаѓа семејството - има на претек. Затоа разводот, како лесна варијанта на бегство од семејната криза, станува мошне прифатливо решение. Мо-

жеби не е посакуван исход, но се доживува како реална опција па дури и за млади парови, кои сѐ уште само размислуваат за брак.

Среќните и силни христијански семејства на нашите родители и пријатели би требало сами по себе да ги воспитаат адолесцентите за семејниот живот, и претставуваат скапоцени примери од кои се учи и кои треба да се подражаваат. Секој од овие бракови, особено денес, е наша заедничка црковна сопственост. Непотребно е да зборуваме за тоа што нашите деца учат од примерите на мнозинството дисфункционални семејства денес. Во Русија, на пример, во 2012 година, на илјада склопени бракови, сме имале 80 разводи (8%).

Постојат и тажни примери на православни христијани кои живеат подвоен живот во две семејства. Морам да нагласам дека причина што доведува до слабеење на духовниот живот, а со тоа и до колапс на христијанските бркови, е лажниот однос кон исповедта. Мнозина воцрковени луѓе денес сметаат дека што и да направат, сѐ ќе им биде простено. Па дури и да направат смртен грев, луѓето се однапред уверени дека ќе појдат на исповед, свештеникот ќе ги ислуша, ќе им прочита разрешна молитва, и гревот ќе исчезне. Значи, постои една искривена слика за самите темели на духовниот живот, а благоста на свештенството луѓето ја сфаќаат како поддршка да грешат.

## Христијанинот мора да се покае

Честопати слушаме дека епитимиите, и особено одлачувањето од Светата Причест, се неефикасни и непотребни мерки, дури и кога се работи за воцрковени христијани. Јас не се согласувам со ова. Во духовниот живот ни се потребни епитимии. На ова, патем, инсистираше и блаженоупокоениот Патријарх Пимен. Сведок сум дека тој цели триесет години ги советуваше свештениците да не бидат како нивните претходници кои во древна Русија биле нарекувани „поттикнувачи“, односно свештеници кои преку нивното лажно снисходење биле попустливи за гревовите на луѓето.

Во Псалтирот, светиот цар Давид во Светиот Дух нѐ предупредува: „Господ ќе им ги растури коските на оние, што си угодуваат еден на друг“ (Пс. 52,5). Свештеникот, без да забележи, може да се претвори во човек што сака да им угодува на другите. Секако, ова не значи дека треба да бидеме ригидни и крути, особено не во сферата на семејните односи, која можеби е најделикатна и најсуптилна тема од пастирствувањето, таква за којашто е потребна голема мудрост, време и грижа за вистински да се помогне. Значи, човек не треба да оди во ниту една крајност.

Христијанининот, наместо едноставно да минува низ формалноста на бришење на своите гревови, мора да се кае и да се подобрува. Заради доброто на покајникот, после некаков посериозен духовен престап, како неизбежна последица треба да следува казна. И ова не е некаков „легалистички“ пристап, како што мнозина го нарекуваат. Да се потсетиме што значи словенскиот збор „казна“? Не се преведува како „накажание“, туку како „поука“. Значи, со таква поука треба да поучуваме, иако, се разбира, во некои случаи поуката може да биде и потполно помилување, доколку свештеникот одговорно увиди дека верникот ќе има корист од таквата одлука.

## Родителите не знаат како им живеат децата

Уште еден, за мене - неочекуван - но можеби најподол, проблем во семејниот живот денес: родителите не знаат како им живеат децата. И соодветно, не можат благовремено да влијаат.

Пред некоја година, додека бев вклучен во програмата за борба против алкохолизмот кај деца и тинејџери, постојано комуницирав со ученици. Тогаш ми стана јасно дека родителите буквално не знаат што им прават децата.

Во контекст на нашиов разговор за семејството, ќе ви дадам еден пример: една навидум сосем нормална девојка, ќерка на исто така нормални родители, може безгрижно да пие речиси секој ден, а нејзините родители воопшто да не забележат дека таа си пие коктели, пиво и вино: едноставно, на родителите не им е грижа за децата. Надворешно гледано, детето си оди на училиште, па на приватни часови, па на разно-разни курсеви, а начини за да го прикрие мирисот на алкохол има на претек! Видливо е дека вакви појави има многу, затоа што според достапните податоци, во Русија, на дневно ниво 33% од малолетниците и 20% од малолетничките консумирале алкохол, и тоа од тринаесетгодишна возраст.

Што се однесува на нашево прашање - бракот и неговата иднина, мора да кажеме дека многу деца започнуваат да живеат како „возрасни“ веќе од тринаесет или четрнаесет години, а притоа родителите си живеат во потполно и блажено незнаење. За жал, не претерувам. Статистиката јасно ни укажува на ова, како и на фактот дека нашите матуранти менуваат многу сексуални партнери, што само по себе е поразителна реалност. Медицинските работници ни појаснуваат дека во оваа статистика, под терминот „многу“ се подразбира двоцифрен, а не едноцифрен број.

Како последица од сето ова, нашите млади мажи и жени едноставно не се во состојба да створат семејство. И ете, доаѓа на исповед, да речеме, една млада жена, и плаче поради својата беспомошност: „Го сакам својот сопруг, но не можам да бидам само со него!“ Станува збор за навика стекната во тинејџерските години, а сето она што е врежано во психата и физиологијата е особено тешко да се надмине. „Ло-



*Епископот Тихон на средба со ученици*

шите навики се полоши од демонот“, нè предупредува еден од древните отци.

## Семејната среќа е разнообразна

Свети Игнатиј Брјанчанинов (во средината на 19. век) со тага се сеќавал дека една година во Црноморската епархија се случиле два развода. Имајќи предвид дека разводот е показател за падот на христијанкиот морал, светителот пишувал дека многу постари епископи биле изненадени од оваа појава, затоа што за време на нивното долгогодишно пастирствување, никогаш не посведочиле нечиј развод. Денес, пак, според статистичките податоци, 80% од новосклучените бракови се разведуваат во првите пет години.

Секако, ова не значи дека во минатото сите семејства биле потполно среќни. Сепак, луѓето што долго живееле во брак сфаќале дека брачната среќа има различни облици: има „рана“ среќа и среќа родена од трпение и долгорочност.

Само од неодамна разводот стана систематска појава. Да не говориме за времето пред Револуцијата. Тогаш вратите не биле ширум отворени за разведување, за разлика од денес кога тој е секогаш при рака. Општо земено, носењето одлука за уништување на бракот претставувала мошне голем психолошки напор за православните. Денес, пак, потребно е на црковен начин да се реши овој проблем: луѓето да се подготват за стапување во брак, да им се помогне на семејствата да не се распаднат, духовно да им се одолева на себичноста, хедонизмот, попустливоста и рамнодушноста кон гревот, но и да се сподели пастирското искуство што епископите и свештениците го имаат по ова прашање, и тоа на систематски начин, како што се прави во медицината.

СРЕЌНИТЕ И СИЛНИ ХРИСТИЈАНСКИ СЕМЕЈСТВА НА НАШИТЕ РОДИТЕЛИ И ПРИЈАТЕЛИ СЕ СКАПОЦЕНИ ПРИМЕРИ КОИ БИ ТРЕБАЛО САМИ ПО СЕБЕ ДА ГИ ВОСПИТААТ АДОЛЕСЦЕНТИТЕ ЗА СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ.

## Да не очајуваме!

Но сепак, слава на Бога, поголемиот број од нашите млади парохијани и семинаристи се добри млади луѓе! Сè на сè, и родителите и ние можеме да им ја предадеме идејата за предбрачна чистота, но и за православен брак како многустран и одговорен радосен настан што е откровение во духовниот живот на христијаните.

Неодамна во семинаријата, четириесетина дена пред почетокот на Божикниот пост, еден студент дојде по благослов за ракополагање во ѓаконски чин. Ова момче се оженило пред само една седмица, а тој и неговата сопруга се навистина убав, среќен и вљубен пар.

Бидејќи после ракополагање, во следните 40 дена ѓаконот треба секојдневно да богослужи (а со тоа и да се подвизува), по што следеа 40 дена Божикен пост, му предложив малку да го одложиме ракополагањето. Но, тој започна понизно и искрено да ме моли да го ракоположиме, велејќи дека службата пред Престолот Божји за него претставува најмил сон, кој на ниту еден начин нема да му пречи на новосоздадениот брачен живот.

Ете, имаме и вакви светли и добри примери на вистинска чистота на животот кај младите христијани денес, и тие не се реткост. Затоа, да не се предаваме!

РАЗГОВОРИ

# ЗА РАЈОТ И ПЕКОЛОТ

Јеромонах Кирил Зинковски



*Душите на праведниците во десницата Божја*

**Деведесет проценти од сите верници пеколот и рајот си ги претставуваат онака како што ги опишува Данте: целосно материјално. Вакви претстави неретко можат да се сретнат и во православната литература која е наменета за пошироката публика. До кој степен ваквите претстави се дозволиви?**

**Одговор:** Пред сè треба да се каже дека грубите претстави на средновековниот католички Запад во никој случај не се соодветни на светоотечкото православно Предание. Светите отци на Црквата, размислувајќи за рајот и пеколот, своите расудувања секогаш ги засновале на неизмерната Божја добрина и никогаш не ги објаснувале во подробност (како што гледаме кај Данте) ниту мачењата во адот, ни блаженствата во рајот. Рајот и адот никогаш не ги претставувале грубо

*Прашањата ги задава Алексеј Бакилин, а на нив одговара професорот на Петербуршката духовна академија, докторантот јеромонах Кирил Зинковски.*

материјално. Не случајно преп. Симеон Нов Богослов вели: „Адот и тамошните маки секој ги претставува онака како што сака, но какви се тие, никој решително не знае“. Исто така, според мислењето на преп. Ефрем Сирин, „скриеното лоно на рајот е недостапно за согледување“. Расудувајќи за тајните на идниот век, отците на Црквата евангелски учат дека геената не е подготвена за луѓето, туку за духовите паднати и вкоренети во злото, а светиот Јован Златоуст го потенцира воспитувачкото значење кое го има адот за човекот: „Ние се наоѓаме во таква бедна состојба, што, ако не е стравот од геената, веројатно и не би размислиле да направиме нешто добро“. Современиот грчки богослов, Митрополитот Јеротеј Влахос, говори за отсуството во учењето на отците за поимот на материјален ад – на таков начин тој решително ги отфрла оние груби претстави со кое е исполнето франко-латинското предание. Православните отци спомнуваат и за тенките, духовни, „надворешни“ рај и пекол, но тие предлагаат да се упати основно внимание на „внатрешната“ последица на онаа состојба која го чека човекот во идниот век. Духовниот рај и пекол – тоа не е награда или казна од страна на Бога, туку здравје и болест на човечката душа кои особено јасно се пројавуваат во другото постоење. Здравите души, т.е. оние кои се потрудиле да се очистат од страстите, на себе го чувствуваат просветувачкото дејство на Божествената благодат, а болните души, т.е. оние кои не сакале да започнат со трудот на очистувањето – горливото дејство. Од друга страна, треба да сфатиме дека освен Бог, никој и никогаш не може да претендира на совршена нематеријалност: ангелите и душите, конечно, имаат квалитативно поинаква природа од видливиот свет, но во секој случај тие се доволно груби во споредба со Апсолутниот Божји Дух. Затоа нивното блаженство или страдања не треба да се претставуваат чисто идеалистички: тие се поврзани со нивното природно устројство или неустројство.

**Има ли разлика меѓу оној рај каде што одат праведниците после смртта, Царството Божјо, и идниот, вечен живот после сеопштото воскресение?**

**Одговор:** Очигледно е дека има разлика затоа што, според мислењето на светите отци, и блаженството и маченјата се зголемуваат после сеопштото воскресение, кога душите на праведниците и грешниците повторно се соединуваат со нивните тела востановени од прав. Согласно со Писмото, целосен човек е од Бога создаденото единство на душата и телото, и затоа нивното раздвојување е противприродно: тоа е еден од „обровите на гревот“ и треба да му се одолее. Светите отци расудувале дека самото соединување, влегувањето на душата во воскреснатото од Бога тело веќе ќе биде почеток на удвоена радост или страдања. Душата, соединувајќи се со своите телесни членови со кои таа некогаш вршела добро или зло, веднаш ќе почувствува особена радост или тага, па дури и одвратност.

**За пеколот: јасно е зошто го нарекуваат „вечна мака“, но се сретнува и таков израз како „вечна смрт“... Што е тоа? Небитие? Воопшто, ако секој живот е од Бога, тогаш како може да постојат (нека е и во вечната мака) оние кои се отфрлени од Бога?**

**Одговор:** Во Светото Писмо воопшто нема израз „вечна смрт“, се сретнува „втора смрт“ (Дела 20 и 21). Но затоа постојано се зборува за тајната на „вечниот живот“, на „вечна слава“ на спасените. Поимот „втора“ или „вечна“ смрт се разјаснува од светите отци. Така, појаснувајќи ја таа тајна, св. Игнатиј Брјанчанинов одговарал дека „адската темница претставува чудно и страшно уништување на животот,



*Христовото слегување во адот, икона*

при сочувување на животот“. Тоа вечно прекратување на личното општење со Бога ќе биде главното страдање на осудените. Св. Григориј Палама вака го појаснува соединувањето на надворешните и внатрешните маки: „при одземањето на секоја блага надеж и при очајот за спасението, неволното разобличување и гризење на совеста со плач безмерно ќе ја зголемува таа мака“.

Не смее да зборуваме за совршено отсуство на Бога во адот, зашто Бог го исполнува целиот создаден свет, без притоа да се смеша со него. „Ако слезам во адот, и таму Си Ти“, - возгласува боговдахновениот Давид. Притоа преп. Максим Исповедник зборува за различноста на благодатта на битието и благобитието. Очевидно е дека во адот битието е зачувано, но не може да има благобитие. Се случува таинствено истоштување на секое добро, што може да се нарече и духовна смрт. Самиот дар на битието не може да биде одречен од створеното од Бога создание, а присутноста на Создателот станува мачење за оние кои се одрекле од постоењето со Него, во Него и по Неговите заповеди.

**Зошто Црквата зборува за два суда: за одделен, кој се случува со човекот непосредно после смртта, и сеопшт, Страшен? Зарем не е доволен еден?**

**Одговор:** Душата, влегувајќи во задгробниот свет, со цела јаснот осознава дека не може да има согласност помеѓу доброто и злото, помеѓу Бога и сатаната. Пред лицето на Божествената Светлина човечката душа се гледа самата себе си и јасно го спознава соодносот на светлината и темнината во себе. Тоа и е почеток на таканаречениот одделен суд, во кој, може да се каже, човекот самиот себе си се суди и оценува. А конечниот, последниот, Страшниот суд веќе е поврзан со Второто доаѓање на Спасителот и конечните судбини

> НЕ СМЕЕ ДА ЗБОРУВАМЕ ЗА СОВРШЕНО ОТСУСТВО НА БОГА ВО АДОТ, ЗАШТО БОГ ГО ИСПОЛНУВА ЦЕЛИОТ СОЗДАДЕН СВЕТ. „АКО СЛЕЗАМ ВО АДОТ, И ТАМУ СИ ТИ“, - ВОЗГЛАСУВА ПРОРОКОТ ДАВИД.

на светот и човекот. Тој суд е потаинствен, тој ги има во предвид како застапувањето на Црквата за своите чеда, особено преку бескрвната литургиска жртва која е принесувана во текот на историјата, така и длабокото Божјо сезнаење за секое од Неговите созданија и конечното определување на секоја слободна личност во својот однос кон Бога, кога Он ќе се јави пред лицето на сите и секој.

**Во нашиот живот луѓето кои отфлаат нечија љубов – Божјата ли, или човечката, -живеат многу добро: тие, како што се вели, не се оптоваруваат со непотребни проблеми. Зошто после смртта, отфрлајќи ја Божјата љубов, тие ќе се мачат? Со други зборови: ако човекот сам, по своја волја, според својот вкус го одбрал патот на противење на Бога, зошто тој од тоа да страда?**

**Одговор:** Страдањето на човекот којшто Го отфрлил Бога и Божествената љубов, којшто се откажал од самопожртвуваноста, ќе се состои во тоа што нему ќе му се открие целата бесконечна убавина на Бога, Кој е љубов. Ќе му се открие и осакатеноста на сопственото егоистично битие. До крај осознавајќи ја вистинската поставеност на работите, човекот-егоист неизбежно ќе осети страдање – така страда лошиот и предавникот кога се наоѓа во општество на благородни и прекрасни херои. „Мачените во геената се поразени од бичот на љубовта! И колку горко и жестоко е тоа мачење на љубовта!“ – така го гледа адското мачење на бесплодното раскајување преп. Исаак Сирин. Притоа треба да се потенцира дека самољубивата гордост во која ќе бидат жителите на адот, нема да им дозволи да ја признаат својата неисправност и осакатеност на избраниот од нив пат и покрај неговата апсурдност. Целта и смислата на секој пат најочевидни се во неговиот крај, како што квалитетот на плодот е јасен при неговото созревање, а бидејќи адот е крај и резултат на богоборниот избор, тогаш во него и ќе станат јасни битијните основи и гордите последици на гордото и нераскајаното противење на Создателот.



*Јеромонах Кирил*

**Расудувајќи човечки, не сите луѓе се совршено добри и не сите се потполно зли. Свети и злодејци има малку, основната маса е сива: и добра и зла (а можеби, поточно: ни добра, ни зла). Таков е впечатокот што ние не дотегнуваме до рајот, но и до адските мачења – тоа во нашиот случај е премногу жестоко. Зошто Црквата не зборува за некоја средна состојба?**

**Одговор:** Опасно е да се мечтае за добивање на едно такво лесно, средно местенце во идниот живот, поради кое нема потреба особено да се напрегнува својата волја. Човекот и така премногу е духовно раслабен. Светите отци зборуваат за разни места во рајот и адот, но при тоа јасно сведочат за јасното разделување на Страшниот Суд, што никој нема да го избегне. Веројатно многу гревови од земниот човечки живот условно може да се наречат „мали“, да

се оправдаат со слабоста на луѓето. Притоа тајната на Божјиот суд се состои во тоа што тој суд во секој случај ќе се случи, иако единствена желба на Бога е општото спасение. Господ „сака сите луѓе да се спасат и дојдат до познавање на вистината" (Тим. 2, 4). Строго кажано, ние треба да се плашиме не толку од надворешното казнување, колку од внатрешното, не од адот како конечна осуда, туку дури од малото повредување на Божјата благост. Кај старецот Паисиј Светогорец има мисла дека нема многумина да појдат во адот, но дури и ако го избегнеме, како ќе излеземе пред Божјото Лице со неочистена совест? Ете во што треба да се состои главниот немир на христијанинот.

Освен тоа, треба да разбереме дека при стапувањето во духовниот свет, во душата на човекот се случува молскавична борба меѓу темнината и светлината кои живеат во него. И нејасно е каков ќе биде резултатот на таа борба помеѓу ваквите спротивставени сили кои ја откриле својата суштина, скриена до смртниот исход под „завесата на плотта". Самата таа спротивставеност веќе е мачна за нивниот носител, а колку е задушлива победата на внатрешната темнина над светлината, тешко е да се зборува.

**И уште за „малиот грев". Зарем може да се појде во адот за тоа што си изел ќофте во пост? За тоа што си пушел? За тоа што понекогаш си дозволувал на себе си не сосема пристојни мисли (не дела)? Со еден збор, за тоа што не си бил затегнат како жица во секоја секунда од животот, а понекогаш си дозволувал „мало раслабување" – што според човечката мера е сосема за простување?**

**Одговор:** Не се работи за жестокоста на Бога за која ни се чини дека Тој небаре е подготвен да нѐ прати во геената поради малата човечка слабост, туку во тајното натрупување на силите на гревот во душата. „Малиот" грев, иако е „мал", како по правило се случува многукратно. Како што песокот кој што се состои од мали зрна може да тежи не помалку од голем камен, така и малиот грев зема сила и тежина со текот на времето и може да тежи на душата не помалку од „големиот" грев што е сторен само еднаш. Освен тоа, многу често во нашиот живот раслабувањето „во малку" незабележливо доведува кон големи и многу сериозни гревови. Не случајно и Господ рекол: „...верниот во малку и во многу е верен" (Лука 16, 10). Прекумерната напрегнатост и ситничарење често штетат на нашиот духовен живот и не нѐ приближуваат кон Бога, но одговорноста во однос на себеси, кон нашиот духовен живот, во нашиот однос кон ближните и кон Самиот Господ за христијанинот се сосем природни и обврзителни.




*Рај Божји, икона*

ТВ (Е)МИСИЈА

# СЛОВО НА ПАСТИРОТ

Кирил, Патријарх Московски и Руски



Добро утро, драги гледачи!

Ни пристигна следново прашање: ***„Ваша Светост, Вие во своите проповеди рековте дека Господ Исус Христос по плот бил човек, а кога воскреснал и се вознел, веќе имал преобразена плот. Ве молам, кажете ни, дали во Него останало нешто човечко? Можеби тоа било душа? А ангелите имаат ли душа? А Господ Бог? Или тоа „човечко е премногу човечко“ како што велел Ниче?“*** Ова е од писмото на господинот Никаноров, град Подољск, Московска област.

Господ Исус Христос имал човечка природа, иста таква, каква што има секој од нас. Од нас се разликувал само по тоа што не вршел никаков грев. Он имал човечка душа и човечко тело. Ако Богочовекот Господ Исус Христос имал Божествена душа, а човечко тело, тогаш тоа не би било Божествено воплотување и примање од Бога на човечката природа. Тогаш човекот само на видлив начин би учествувал во тајната на спасението.

Во древната Црква се појавило еретичко движење, чии претставници тврделе дека Христос не страдал на крстот, затоа што според Својата Божествена природа не можел да страда. Црквата го осудила тоа учење. Христос страдал и со телото и со душата. Он имал човечки разум, човечка волја и човечки чувства, но

*„Слово на пастирот“ е религиско-просветителска телевизиска емисија.*

Христос човечката природа ја уподобил на Божествената природа. Ние велиме, врз основа на Светото Писмо, дека човекот е создаден според образот и подобието Божјо (Битие 1, 26), и дека [стекнувањето на] подобието е цел на човечкиот живот. Човекот е должен така да го развива Божествениот образ, според кој е создаден, својата човечка природа, што во таа природа ќе се изобрази Божественото начело. Ете, тоа е целта на животот, и според мерката на духовното растење човекот се доближува кон таа цел.

Познати ни се светите Божји угодници кои до таа мера се приближиле во уподобувањето на Бога, што тоа се одразило дури и на нивната физичка состојба. Преподобната Марија Египетска ја поминувала реката Јордан како по суво. Нејзиното физичко тело веќе било на границата на видливото и невидливото, на човечкото и Божественото. И Господ, имајќи човечка душа и човечко тело, истите ги зачувал после воскресението, но човечкото тело било преобразено, затоа што Господ ја победил смртта. Неговото тело ги имало истите својства кои ќе ги има нашето тело после последниот Суд и сеопштото воскресение.

А што означува воскресението на Спасителот и Неговото вознесение, со човечко тело и човечка душа, во Божественото Царство? Тоа значи дека човекот преку Боговоплотувањето, преку Господ Исус Христос е внесен во Тајната на Света Троица. Ние со својот ум не можеме до крај да разбереме како човекот може да пребива во Тајната на Божествената Троица, но тој таму пребива преку Господ Исус Христос. Човечката природа е таму, во Божествениот живот. Светите отци велеле дека преку воплотувањето бил обновен образот на првосоздадениот човек. Господ не само што нè искупил од гревот, не само што нè ослободил од вината за прворoдниот грев, - Он во Самиот Себе ја востановил Божествената замисла за човекот, го пресоздал, како што велат светите отци, паднатиот Адам. Тоа е, можеби, едно од најважните откровенија кое ни се дава преку Господ Исус Христос, и ние веќе не сме туѓи, туку свои на Бога. Во која смисла ние сме свои на Бога? Преку Господа и Спасителот. Човечкиот свет, човечката природа се свои на Бога, и го нема ѕидот кој што ги разделува Бога и човекот. Затоа христијанството е големо откровение за спасението на човекот, за спасението на човечката природа, за воспоставувањето на врската на Бога и човекот преку воплотувањето на нашиот Господ и Спасител.

И уште едно прашање кое дојде од Зоја Николаевна Почкина од град Москва: ***„Ваша Светост, понекогаш се судруваш со тоа што на луѓето едноставно не им се интересни Бог, религијата, тешките прашања, животот и смртта, - нив едноставно тоа им е смешно. Дали да ги презреме таквите луѓе или да ги жалиме? Но, тие понекогаш се многу агресивни...“***

Воопшто никој не треба да се презира, затоа што дури и во паднатиот човек е сочуван Божјиот образ. Презирањето е лошо чувство. А нажаленоста е нормално чувство. Ние ги жалиме болните луѓе, притоа и душевно болните. Тоа што го велите, - исто така е отклонување од нормата. Човекот не може да не си ги поставува прашањата за животот и смртта. Ако таа реалност за него не постои, тогаш што постои? Сегашните интереси – да се јаде и пие, да се прошета и одмори? Тоа е додека си здрав и силен, но дури и младиот и силниот можат да го изгубат здравјето и да се најдат пред лицето на смртта.

За луѓето кои го поддржуваат ваквиот став кон животот и смртта би било полезно да ги посетуваат смртно болните, на пример, местото кое Солженицин го

нарекол „корпусот на рак“, или да разговараат со оние кои оздравеле благодарение на современата медицина, но кои поминале преку состојбата на огромен ризик, и притоа осознале дека нивниот живот виси на конец. Кај таквите луѓе многу се менува сознанието, дури кога тие целосно се враќаат во живот, не зборувајќи веќе за оние кои поминале преку искуството на клиничка смрт.

Таа отсутност на интерес за суштинските прашања, онтолошките, е поврзана со отсуството на реално животно искуство. Во тоа искуство има не само радост, не само смеа, не само забава, не само задоволување на човечката похот, туку и секогаш болка, секогаш болест, секогаш страв од смртта. А целосно да се одговори на предизвиците поврзани со здравјето, со работоспособноста, со тоа што денес човекот е здрав, а утре болен, може само тогаш, кога верува во Бога.

Понекогаш водам многу тешки разговори со луѓе кои ги загубиле своите роднини, блиски. Тоа се жртви на техногени катастрофи и несреќи, мажи на млади жени кои погинале во рудник или во фабрика, невини деца кои умреле поради нечија негрижа... Какви утешни зборови да се најдат? Не може да има утеха без укажување на тоа дека со физичката смрт не исчезнува човечката личност. Ако кажеме дека после смртта нема ништо, дека на гробот ќе порасне цвеќе, како што велел тургеневскиот Баразов, тогаш човекот нема никаква надеж. Што е тоа 60, 70 или

**ЕДНО ОД НАЈВАЖНИТЕ ОТКРОВЕНИЈА ШТО НИ СЕ ДАВА ПРЕКУ ГОСПОД ИСУС ХРИСТОС, Е ДЕКА НИЕ ВЕЌЕ НЕ СМЕ МУ ТУЃИ, ТУКУ СВОИ НА БОГА.**

дури 80 години од животот? Миг. Тоа го разбираат оние кои се доближуваат кон таа возраст. Животот летнал. Позади се децениите, веќе се чувствува дишењето на вечноста. И какви чувства ќе побуди тоа дишење во тебе – страв, ужас, цинизам или, напротив, спокојно прифаќање на перспективата, затоа што таа перспектива не е уништување на твоето битие, ами вечен живот? Таквите луѓе треба да се жалат, да се молиме за нив, и да се трудиме таквите да бидат сѐ помалку и помалку. Луѓето се крадат самите себе заземајќи таква животна позиција за каква што пишувате.

А сега, за ангелите. Имаат ли ангелите душа? Ангелите по природа се духови. Ако човекот има душа и тело, тогаш ангелите немаат тело. Притоа, како што сметаат многу свети отци, некое ниво на материјализација постои и во ангелската природа. Ние не можеме да го конкретизираме тој поим. Некои свети отци тоа го нарекувале огнена природа, но овој поим за нас е сложен за сфаќање. Можеби подобро е да се зборува за некоја енергетска природа, но и тоа ќе биде претпоставка.

Апсолутен чист Дух е само Бог, а божественото создание има определен степен на материјализација. Но, се разбира, човечкото тело – не е присутно во ангелската природа; а тоа што присуствува во ангелската природа, од нас е сокриено. Затоа ние ангелите ги нарекуваме духови, но апсолутен Дух е Бог. Природата на Бога е сокриена од нас, и Бог ни дава можност да Го видиме, разбереме и по човечки примиме преку Господ Исус Христос – воплотениот Бог, вистинскиот Бог и вистинскиот Човек.

Со ова ја завршувам нашата емисија. Нека Божјиот благослов пребива со сите вас, нека ангелите чувари ве оградуваат од искушенија и од секое зло, нека силата на Божествениот Дух го укрепува нашиот човечки дух. Ве поздравувам до следната средба.

ПРЕДАВАЊЕ



# СИЛАТА ШТО НИ ЈА ДАВА ХРИСТОС

Атанасиј, Митрополит Лимасолски

Честопати се чувствуваме изморено и тогаш го разбираме значењето на Христовите зборови: „Дојдете кај Мене сите изморени и обременети и Јас ќе ве успокојам“ (Мт. 11, 28). Младите луѓе не можат потполно да го почувствуваат ова: тие немаат бремиња, но зрелиот човек којшто поминал преку многу опасности, жалости, тешкотии, неуспеси, немоќи, а годините му додаваат замор, тој сака да се одмори, да ја остави некаде таа тежина, да се ослободи од неа.

Кој навистина може да ни дари олеснување? Христос. Никој друг. Сето останато што го правиме, сето тоа е човечко, тоа може да ни помогне само во одредена мера. На пример, може да патуваме, да појдеме на село кај некој добар пријател, на некое друго пријатно место. Тоа исто така помага и нè успокојува, но не за долго. Само Христос навистина може да ја успокои човечката душа, затоа што Само Он е покој на нашите души.

На Светата Литургија ние велиме „самите себе, еден друг и целиот наш живот на Христа Бога да го предадеме“. Да ја предадеме на Христос целата тежина на нашето „јас“ и „јас“ на луѓето кои нè опкружуваат, своите грижи, тревоги, стресови,

стравови, жалости, болка, поплаки – сето тоа да го растовариме во Божјите раце и себеси да се предадеме на Христа Бога.

Во тоа има голема тајна. Ако човекот не го разбере тоа, тогаш тој со текот на времето ќе падне под тежината на заморот кој го носи во себе. И, колку што знам, психологијата денес го учи ова, и затоа психолозите се грижат да ги прикријат тежината и раните на душевниот свет на човекот. А човекот треба само да сподели, тоа е веќе нешто. Да се изнесе тоа надвор, да не се држи во себе, а уште повеќе – да се научи сето тоа да го остава во Божјите раце со помош на молитвата, со помош на исповедта, да го извлече тоа од себе и да Му го каже на Бога. Сè да се каже на Бога, а не да се држи во себе.

Не еднаш старецот Паисиј велеше дека ние сме слични на човек кој што на својот грб носи врећа со песок. И Бог доаѓа и ја зема од нашите раце за да не ја носиме таа врећа полна со непотребни работи, ѓубре и нечистотии, но ние не ја пуштаме. Како да сакаме да ја носиме со себе и насекаде каде што одиме, да ја влечеме со себе. Но ете Бог доаѓа и ја зема:

- Остави ја, отпушти ја, фрли ја таа врећа полна со секакви работи! Фрли ја, не ја носи на себе. Што си се залепил за неа? Што ќе ти е? За да се тревожиш и да се мачиш напразно?

Но ние – не, за ништо на светот не ја испуштаме! Како инаетливи деца кои силно држат нешто и не сакаат да го дадат.

На Света Гора дошол некој млад човек за да стане монах, и притоа го мачеле некакви потешкотии. И еднаш, додека бил во храмот, старецот го погледнал неговото лице и рекол:

- Погледни го овој младич! Не дава ни на една помисла да избега од него! - односно, не допуштал им допуштал на помислите да избегаат од него, и барем на пет минути да остане без нив.

- Неговиот ум е како мелница којашто постојано нешто меле. Тој става во неа материјал, става камења, и таа испушта прашина и песок.

Старецот го повикал младичот и му рекол:

- Дојди овде! Што седиш како телевизиска антена којашто ги прима сите бранови кои се праќаат од предавателот! Остави барем нешто нека си оди! Твојот ум е како мелница која што постојано се врти. Внимавај на тоа што ставаш во својот ум! Природно, ако ставаш камења, тогаш ќе излезат прашина и песок и прашината ќе постане столб. Затоа стави добар материјал во својот ум. Вложи добри, благи помисли, благи поимања, вложи молитва, затоа што вака само се измачуваш себеси. Сè што бескрајно мелеш, тежи на тебе, а не на некој друг, и ти напразно се мачиш.

Човекот треба да се научи да внимава на себе, во неговиот ум да нема хаос на кого му нема крај и којшто нè разрушува: нашиот ум може да нè сруши и да ни создаде мноштво проблеми. Затоа треба да се обратиме кон Бога со посредство на молитвата, исповедта и смирението, и да оставиме сè што се однесува на нас во Божји раце, да најдеме мир. И вие ќе најдете мир за вашите души.

Христос дојде во светот за да нè утеши, а не за да нè заплетка, да нè воведе во немир. Да ни даде покој, одмор, затоа што Он знае дека сме изморени, и колку повеќе време поминува, толку повеќе се заморуваме. Тоа е голема уметност, и Црквата владее со неа.

Еднаш разговарав со еден психолог, и тој ме праша:

- А колку луѓе примаш во ден?

Јас му одговорив:

- Сега, кога поостарев, не издржувам многу: 50-60, до 70 во ден. А кога живеев во манастирот Махера и бев помлад, понекогаш примав и до 150: почнував наутро во 4 и завршував во 7-8 навечер или покасно.

Тој ми вели:

- Тоа што го правиш со себе не е добро, тоа е многу жестоко. Ние не смееме да примиме повеќе од десет луѓе во ден. Како психолози кои што примаат луѓе ние примаме најмногу десетмина, повеќе не издржуваме.

Да, но ние имаме една предност – само што ќе излеземе од исповедалницата, сè исчезнува. Тоа е чудесна појава. Ние толку работи слушаме! Само размислете што слуша духовникот. Ништо пријатно - нам никој не ни зборува пријатни работи. Тоа е како кај лекарот. Има ли некој што оди на лекар и кој вели: „Докторе, јас дојдов да те видам, инаку сум многу здрав!“?

Не. Само болести, рани, крв, болка. И нема да појдеме кај духовникот за да му ги кажеме своите добродетели, достигнувања, радосните настани во животот, туку само лошото, жалното, непотребното, само неуспесите. А ти си човек, колку можеш бескрајно да слушаш само лошо и гревови?

Едно дете еднаш ме праша: „Господине, некој дошол да ти каже дека извршил убиство?“ Јас му одговорив потврдно. „И ти не се здрви?“ „Не“. Тоа зачудено погледна на мене: „Ама сериозно?“ „Да, сериозно“.

Ех да беше само еден... Многу луѓе денес се обременети и во светот има многу проблеми. Но, сето ова ние не го држиме во себе, и затоа нашиот желудник и срце не страдаат, ние не паѓаме под тежината на човечката болка, туку сето ова Му го предаваме на Христа, затоа што Христос – Тој е Божјиот Агнец Којшто на Себе ги зема и ги носи гревовите на светот, и нашиот грев исто така. Христос е Оној Којшто реално присуствува таму и ја прима целата таа тежина. А ние ништо не правиме, ние сме само служители, ние ја извршуваме својата служба, туку таму е Христос Којшто го прима секој човек.

Ова ви го зборувам не само од свое искуство на човек којшто се исповеда, т.е. како верник којшто се исповеда еднаш во два-три месеци, туку и како човек којшто исповеда луѓе веќе повеќе од 35 години, којшто исповедал илјадници луѓе. И ви велам дека тоа е тајна што ја совршуваме по педесет пати на ден, а понекогаш и секојдневно, до состојба на целосна истоштеност, и притоа јас сум совршено убеден дека Христос таму присуствува. Ние постојано го гледаме тоа: Он ги прима луѓето, Он ги сослушува луѓето, Он им одговара на луѓето, Он го исцелува човекот, а ние го гледаме сето тоа.

Како касиер во банка преку чии раце поминуваат милиони пари на ден, но тие не се негови. Тој ги зема, запишува, ги праќа на претпоставениот – едноставно ја исполнува таа работа. Истото е и со духовникот. Тој е сведок, тој таму сведочи за Божјото присуство, тој е орудие кое Бог го користи. Но Христос извршува голема

АКО ХРИСТОС МЕ ТРПИ И СПАСУВА МЕНЕ, АКО ОН НЕ МЕ ОТФРЛИЛ И НЕ МЕ ТРГНАЛ ОД ПРЕД СВОИТЕ ОЧИ, ТОГАШ ЈАС МОЖАМ ДА ИСТРПАМ СЕКОГО, ЗАШТО, БЕЗ СОМНЕЖ, МОЈОТ БРАТ Е ПОДОБАР ОД МЕНЕ.

тајна на исцелување на човекот, одговара на тоа што прашува човекот, ја извршува тајната на спасението.

Тоа е најголемото искуство кое човекот може да го има. Јас тоа често го зборувам кога ракополагам свештеници, дека од тој момент ти ќе гледаш како Бог дејствува со твоите раце. Бог за тебе ќе биде секојдневна реалност. Тоа е чудо, секојдневно чудо коешто се повторува стотици пати на ден, кога се случуваат сите тие Божји интервенции (како што велат отците) без ти нешто да направиш. Ти едноставно го исполнуваш надворешниот дел од таа врска на човекот со Бога, а во суштина Христос, Кој ги зема гревовите на светот, го зема товарот – нашиот и на целиот свет.

Но, за да се почувствува тоа, најпрвин треба да разбереме дека Христос ги зема и нашите гревови – на духовниците, свештениците, епископите, а ако Он ги зема моите гревови, тогаш ги зема гревовите и на сите луѓе. И јас не можам да негодувам или да се посомневам во тоа што Он ги понесува гревовите на мојот брат. Затоа што нашето лично искуство – тоа е огромен доказ дека Христос дошол во светот да ги спаси грешниците, како што вели свети апостол Павле, од кои првиот сум јас (1 Тим. 1, 15).

Ако Христос ме трпи и спасува мене, ако Он не ме отфрлил и не ме тргнал од пред Своите очи, тогаш јас можам да истрпам секого, зашто, без сомнеж, мојот брат е подобар од мене. Што и тој да направил. Зашто, без сомнение, подолен од мене нема никој. Така треба да се чувствува човекот дека „нема никој подолен од мене“.

Макар и да мислиме дека тоа е тешко, сепак, многу олеснува, зашто колку повеќе човекот се смирува пред Бога, толку повеќе признава дека Бог е негов Спасител, и Му благодари за тоа што Он го спасил, што станал човек заради нас, што нè трпи. И кога велам „трпи“, тогаш во предвид се имам себеси, а не другите, секој од нас поодделно.

Така, кога го чувствувам ова, и колку повеќе го чувствувам, толку полесно ми станува, и колку повеќе плачам и ридам поради својата истоштеност и ништожност, толку поголема утеха чувствувам. Тоа е тајна на Црквата. Ти не наоѓаш радост во светската радост, туку во болката. Таму каде што се гледа болката, каде што се гледа тагата, таму каде што се гледа Крстот, каде што се гледа изморноста, таму е и утехата. Таму, на Крстот е радоста. Како што велиме, „зашто ете, преку Крстот дојде радост за целиот свет“.

Во тагата, во покајанието, во подвигот на покајанието со смирение човекот добива



*Митрополит Атанасиј Лимасолски*

одмор. Тоа е нешто парадоксално. Во Црквата, колку повеќе човекот плаче, толку повеќе се радува. Колку повеќе ја учи науката на солзите, на плачот во молитвата, толку повеќе тој се одмора и се очистува. Солзите во духовното пространство – тоа е клучот што ни ги отвора Божјите тајни, тајните на Божјата благодат. И колку повеќе човек плаче, толку повеќе се радува, се весели, се утешува, се очистува и одмора.

Нашата надеж и вера е во Христос, Он е нашиот одмор, покој. Без Него ние не одмараме. Никој не може да ни даде одмор. И тоа што ние мислиме дека ни дава одмор, необично нè замара. Човекот мисли дека ако е богат, тогаш ќе се чувствува пријатно. Притоа богатството – тоа е непоштедлив, безмилосен, жесток тиран, во него нема никаква радост. Тоа е бреме, кое, како сенка, постојано те гони.

Човек може да мисли дека светската слава носи олеснување, дека е полесно кога во светот имаш голема слава, име, сила. Но, ова не може да е подалеку од вистината: сето тоа е замор, товар, лага, кои необично нè мачат. Ништо од тоа не може да му донесе олеснување на човекот. Тој добива олеснување само во близината Божја, само во она што е вистина, само во она што ја победува смртта. Сето останато е осудено на смрт, и тоа необично нè замарува, затоа што пред сè ни носи несигурност.

Што може да ми помогне? Можам ли да сметам на моето здравје? Кое здравје? Јас дури не знам што ќе биде со мене во следната минута. И, слава на Бога, денес имаме толку болести коишто нè прават внимателни. Толку опасности, тешкотии, напасти, стравови. Тогаш што може да ми даде сигурност? Сигурност – тоа е лажно чувство кое во тебе го создаваат светските работи.

Како што се вели во Евангелието за последните времиња, дека на земјата ќе царува страв (...Луѓето, пак, ќе умираат од страв (Лк. 21, 26), денес стравот, несигурноста – тоа е огромна појава. Само треба со некој да зазборуваш за болестите, тој веднаш ќе ти каже: „Чукни во дрво, да останеме здрави!“ Чукни во дрво. Чукај ти во што сакаш: било во дрво, било во даска, било во железо, во ѕид, во што сакаш, но кога болеста ќе дојде да почука на твојата врата, тогаш ќе видиме во што ќе чукаш. Во што и да чукаш, џабе е.

Ние се криеме од реалноста, таа нè ужаснува. Сето тоа, всушност, нè мачи, кога Христос реално е Тивка Светлина. Он е Божјата Светлина што го просветува секој човек, која го успокојува, која му дава да го почувствува вечното Божјо Царство. Кога човекот го чувствува вечното Царство, тогаш што може да го ужасне, да го наруши неговото расположение? Ништо не го плаши, дури ни самата смрт – за Божјиот човек сето тоа има друга димензија.

Се разбира, сите ние сме луѓе и човечкото функционира во нас, но, како што вели свети апостол Павле, ние се надеваме во Христа. Едно е да се ма-



*Рождество Христово, 2017 година. Москва, Русија.*

чиш без надеж, а друго – да се има надеж во Христа. Тоа е силен темел на кој човек стои, и тешко може да се поколеба. Овој темел е Христос, нашиот Спасител, кон Кого имаме смелост затоа што Го чувствуваме како свој: „Мојот Христос“, - велеле светиите. И Христос, Спасителот на светот, нè приведува кон Бога. Станувајќи човек, Он целиот свет го привел кон Бога.

Имајќи вера во Бога, во Христа, ние стануваме непоколебливи. Ние не се колебаме, не се поместуваме кога надоаѓаат брановите на искушенија, на маловерие, на тешкотии, кога настапуваат тешки времиња. Дури и на големите светии Бог им допушта да се најдат во многу тешки ситуации, незамисливо тешки моменти, кога Бог како да ги остава луѓето и молчи, и ти чувствуваш дека си сам. И не само тоа, но целото зло одеднаш паѓа врз тебе, и по едно зло оди друго, едно искушение по друго, еден неуспех по друг, и ти веќе никаде не Го гледаш Бога. Не Го чувствуваш, како Он да те отфрлил. Но во нас останува убедувањето дека Бог е тука.

Како што си велел старец Јосиф, кога го давеле овие помисли: „Сè што велиш е добро. Таа маса на логични потврди и докази, сè е така како што велиш. Но, каде е тука Бог?“ Каде е Бог? Зарем Он ќе нè остави во таква положба? Можно ли е Бог да нè остави? Бог никогаш не нè остава. Иако се мачиме во животните искушенија, и тогаш Бог исто така е таму, заедно со нас.

А потоа, кога овие маки ќе поминат, ние ќе видиме дека најплодотворниот, во духовна смисла, период од нашиот живот кога Христос реално бил со нас, имено, бил периодот на многуте маки. Таму, среде многуте проблеми, се крие Божјата благодат, а не среде радостите.

Во радостите исто така е добро. И во нив ние исто така Му благодариме на Бога. Но кој во радоста нема да каже: „Слава на Бога“? Нели кога чувствуваме радост велиме: „Слава на Бога! Сè е добро!“ А можеме ли да кажеме: „Слава на Бога, сè е лошо! Слава на Бога, ние сме болни! Слава на Бога, ние умираме! Слава на Бога, околу мене сè се руши. Но, во секој случај, слава на Бога“? Како што свети Јован Златоуст секогаш велел и својот живот го завршил со зборовите: „Слава на Бога за сè!“

Голема работа е да се славослови Бог за сè: и за радосното, и за жалосното, и за лесното, и за тешкото, и за успесите, и за неуспесите. Но пред сè за маките. Маките нè прават зрели, а кога сè е добро, тогаш забораваме – таква е нашата природа – ние Го забораваме Бога, ближните, своите браќа и сите луѓе кои околу нас страдаат...



*Старец и монах, Света Гора.*

ВЕРА

# КОГА БОГ ЌЕ РЕШИ, ЗАКОНИТЕ НА ПРИРОДАТА СЕ МЕНУВААТ

Николај, Митрополит Месогејски и Лавреотикиски



*Неракотворен образ Христов, икона*

Април, 1985 година. Олга, едно десетгодишно девојче кое боледува од тумор на мозокот, оди на терапија со зрачење со цел да се спречи растот на туморот. Олга е во ужасни болки, зашеметена. Нејзините родители се простодушни, обични луѓе од Атина. Докторите во Грција уште при дијагнозирањето им укажаа дека туморот е лоциран на проблематично место. Единствена надеж за лечење гледаа во Бога и можната операција во САД. Родителите имаа еден роднина во Бостон, кој ги покани да појдат таму, во најдобрата светска болница за детски болести. Семејството ги одложи сите тековни активности за да замине и да ја проба последната надеж за лечење на нивната ќеркичка.

Оваа приказна е исполнета со страдање и стресови. Како е можно Бог да дозволи вакво нешто? Кога се венчаа, цели седум години не можеа да зачнат дете. Се работи за обични луѓе, без некое преголемо познавање од верата. Но, како

што нивната надеж за зачнување започна да се намалува, Бог им подари девојче. Го славеа Бога за овој дар и животот го уредија околу дарот што им беше подарен. Кога девојчето наполни десет години, започна да пројавува чудни симптоми: се жалеше на главоболки и беше анксиозно. Ја однесоа на лекар, направија неколку тестови и проблемот беше дијагностициран со дијагноста од која секому би му се потсекле нозете. Дијагноза која одекнува во главата, ја кине душата и го крши срцето.

Добивајќи ја оваа дијагноза, брачниот пар дава отказ од работа, и сите тројца заминуваат во Бостон. Поаѓајќи на пат, не знаат кога, како и дали сите ќе се вратат дома. Но, она што им е верен сопатник е простата, автентична и силна вера. Пред година и пол, добија едни радио касети. Касети со проповеди кои потполно им го променија животот, ги исполнија со вера каква што се раѓа длабоко во човекот. И, каков беше Божјиот одговор на оваа нивна вера? Кога не се црквуваа, Бог им ја даде Олга. А кога се свртеа кон верата, се појави грдото лице на ракот! Зошто Бог би им го сторил ова? Можеби никој не сака на глас да рече, но дали е можно да веруваме во некој си бог каков што не постои, а не Го знаеме и не веруваме во вистинскиот Бог? Што ако е потребно да Го откриеме Каков што е, а не Каков што сакаме ние да биде?

Олга соработуваше со лекарите од тимот на Д-р Џон Шилито во Бостон. Тој најверојатно беше најдобриот онколог на Детската клиника. Сите вклучени во случајот со љубов правеа сѐ што можат за да помогнат. Кон девојчето се однесуваа како да им е единствен пациент. На почетокот, сите параметри укажуваа дека Олга добро реагира на третманот кога, одеднаш, таа падна во кома. Потоа следеа нови тестови, и наскоро се увиде дека туморот агресивно се проширил низ целиот мозок. Со овие резултати како да исчезна сета надеж. Единствено што остана беше да им се соопшти оваа вест на родителите. Тие требаа да одлучат дали детето ќе остане во Бостон до моментот кога ќе треба да го пренесат нејзиното тело во Грција. Или пак, да појдат во Грција со време. Ако се одлучат за второто, треба да ги разгледаат меѓународните закони што го уредуваат трансферот на луѓе со терминални болести. Лекарите мораа да потпишат дека пациентот нема да умре за време на летот.

Сето ова се случи в недела, на 28 април 1985 година, Недела на мироносиците. До овој момент родителите не беа целосно запознаени со состојбата на нивната ќерка. Беа во агонија и се сомневаа на најлошото. Во шест часот попладнето, д-р Шилито требаше да зборува со нив и во детали да им ја објасни состојбата. Никој од грко-американските волонтери во болницата не сакаше да го преведе разговорот на лекарот со родителите. Секој сакаше да ја избегне таа ситуација. Навистина, претешко е да им се зборува на родителите дека нема надеж нивното дете да преживее.

На крај, беше одлучено јас да им преведам на родителите. Претходно бев запознат со ситуацијата, но до тој момент се немав сретнато ниту со детето, ниту со родителите. Не можев да ја избегнам оваа одговорност. Се сложив и решив заедно со нив да го поносам ова неподносливо време. Време што не се трпи.

Го повикав лифтот и се искачив на осмиот кат, на кој се сместени децата заболени од рак. Ми беше многу тешко. Како што чекорев, ме фати паника и ми беше тешко. Влегов во ходникот. Влегов во една соба, и се збунив кога видов три деца како седат на столови на кои преку цевки им беше вбризгувана хемотерапија. На некои од нив им беше паднала косата, но сите заедно се смееја и гледаа цртани филмови на телевизија. На другата стрна од собата, на софата стоеше едно девојче. Имаше трина-

есет или четиринаесет години, и беше длабоко замислена, изгубена во еден непознат свет. Во очите ѝ се гледаше болка. Ме пресретна нејзиниот длабок поглед. Зошто страдаат овие деца? Зошто, наместо да се исполнети со сладоста на иднината што ги очекува, тие вкусуваат од болничката горкост и ги притиска тагата на неизвесноста? О, мил Боже, зошто се случува ова? Пред само неколку минути, пред да пристигнам во болницата, поминав покрај едно маалско игралиште каде си играа деца. Тие не беа свесни што се случува во болницата, и нивните прекрасни родители се радуваа со нив. Колку ли само страша разлика, каква неправда, каква неискажлива разлика со она што сега го гледам во болницава!

Ми пристапија тројца луѓе што збореа грчки. Двајца мажи и една жена. Бездуго, двајца од нив се родителите на Олга, а третиот - нејзиниот вујко. Се запознавме, а тие ми се заблагодарија што сум таму и пред да речеме било што друго, бевме повикани во канцеларијата на д-р Шилито. Само што влегов, на бирото забележав троделна рамка за фотографии, во која беа поставени слики од неговите три ќерки. Три прекрасни ќерки што ја развеселуваа неговата канцеларија. Се гледа колку ги љуби, сето тоа е природна и блажена пројава на родителската љубов на лекарот. А покрај нас, преку стаклото, во собата за пациенти лежи Олга, чие лице е изобличено поради борбата со смртта. Нејзините родители се скршени.

Откако даде мал вовед, лекарот премина директно на случајот: „Како што знаете, Олга има неоперабилен тумор на мозокот. Се обидовме да го намалиме со радиотерапија. На почетокот, Олга мошне добро реагираше, така што и нашата надеж се зголеми. Но, за жал, таа вчера падна во кома од која, како што покажаа тестовите, нема да се разбуди.“ Родителите внимателно го слушаа секој збор. Откако го чуја ова, таткото почна да се тресе. Мајката, пак, успеа некако да издржи.

– Докторе, кажете ни искрено.

– Сметам дека Олга нема да преживее. Таа умира полека.

– Како тоа, полека умира? – се вмешав и јас.

– Така, додека зборуваме, или за неколку часа, или можеби ноќва, таа ќе умре. Без никаков сомнеж верувам дека нема да ја преживее оваа ноќ.

– Со други зборови, само чудо може да ја спаси – рече мајката.

– Да, само чудо – повтори тој.

Таткото продолжи да липта.

– Многу ви благодариме за сè што сторивте за Олга сето ова време – вели мајката. Од човечка гледна точка можеби ја губиме битката, но се спремаме за чудо. И покрај вашата прогноза, што и да се случи, нашата ќерка може или да се оздрави, или да стане мало ангелче пред престолот Божји. Зарем тоа само по себе не е едно мало чудо? Дали знаете колку е добро нашето девојче? Секако, колку што можеме, ние се молиме за првата опција. И тоа, само по себе, покажува колку мала вера имаме. Но, ако Бог дозволи да се случи втората опција, и тоа ќе го прифатиме како дар Просто речено, нашето внимание мора да го насочиме кон Бога. Ова требаше да го направиме од самиот почеток, и тука погрешивме. Знаете, ние отпрвин им верувавме на лекарите, па дури потоа на Бога.

– Така е тоа. Сега вашата вера ќе ви помогне – рече лекарот.

– Не, докторе, верата не помага. Верата е човечка, наша. А Оној што помага е Самиот Бог.




*Детската болница во Бостон, САД*

Додека сето ова се случува, јас само преведувам, и зачудено се восхитувам. Каква само сила, каква вера има оваа жена! И она што таа го вели не е психологија, ниту попување. Напротив, нејзините зборови извираат од нејзе како чиста радост. Нејзините зборови се само одраз на непоматеноста на нејзиниот внатрешен свет. Од нејзината уста излегува достоинство, смирение, учтивост, самоконтрола и вистина. Истото може да се рече и за нејзините очи, од кои се чита една долга надеж, и ниту една тажна солза.

Излеговме од канцеларијата на лекарот и седнавме за подобро да се запознаеме. Во вакви моменти луѓето се поврзуваан на директен и силен начин. Но, пред мене се откриваше нешто невообичаено длабоко. Оваа жена беше отворена за нас, а сепак толку длабока. Зборовите што излегуваа од нејзината уста имаа сила и убедливост, сведочеа за една реалност на срцето. Повеќе од било што друго ме восхитуваше нејзината сила.

Срдечно се поздравивме. Морав да одам, имав состанок. Планирав вечерта, околу 10 да ги посетам, со надеж дека Олга ќе биде сè уште жива. Во текот на денот, во неколку наврати се јавував во болницата за да дознаам како е девојчето.

Веќе е десет и пол навечер. Олга сè уште се држи. Господин Коста и госпоѓа Марија, извонредните родители, смирено се подготвуваат за можните исходи, но сепак се надеваат и се молат за некакво чудо. Зарем Бог Кој ја донесе Олга на овој свет - што само по себе е чудо - зарем не може истиот Тој и да ја сочува? Истовремено, тие велат дека проблемот е во нивните гревови!!!

Во 11 вечерта болничкиот персонал влезе дојде со подвижни кревети, јастуци и чаршави за придружбата на пациентите. Навистина, болницата беше чудесна. Социјалните работници за сè се имаат погрижено. Политиката на болницата налага дека родителите, доколку сакаат, може да преноќат покрај нивните деца. Но, родителите на Олга не можат да спијат. Попрво сакаат да зборуваат и бдеат. Всушност, самиот лекар рече дека Олга нема да го дочека утрото. Нивната вера не се опишува со зборови. За чуда зборуваат како да се работи за некаква честа, најприродна појава. За вечноста, пак, разговараат како што ние разговараме за нашето секојдневие. Убедени се дека волјата Божја, каква и да биде, за нив ќе биде голем благослов. Искрено гледано, ако, од една страна, детето им преживее, нивната радост ќе беше преголема. Од друга страна, повторно ќе се стекнеа со опит во вистината. Вториот

можен исход, најтешкиот, ќе беше најавтентичен. Но, првиот е најпосакуван.

Останав со нив до 1:30 утрото. Не можев да им се изнарадувам. Среќавајќи ги овие луѓе, јас сретнав вистински верни луѓе. Никогаш претходно не бев наишол на ваква вера. Вера која не само што ќе живее и по смртта на нивните сакани, туку вера што и психолошки делува, и им дава утеха. Тоа беше вера што може да се сретне само кај луѓе што ги сведочат последните секунди од животот на нивното дете единче. Морам да признаам дека никогаш претходно не бев сретнал луѓе со ваква вера. Покрај нас, Олга неподвижно лежеше во длабока кома. Таа не беше свесна за светот околу неа. Можеби комуницираше со некој друг свет, за нас, до тој момент, непознат. Одвреме-навреме родителите ќе искраднеа по некој поглед во неподвижното тело на нивната ќерка, со болен сомнеж на неоправдана надеж.

На крај, Олга ја преживеа ноќта. Лекарското предвидување за нејзината смрт беше погрешно. Кој знае? Можеби и сето негово мислење ќе се покаже неточно? Колку е прекрасно кога понекогаш ќе се покаже дека науката згрешила!

Утрото се чув со едни женички, и со нив ги споделив моите длабоки впечатоци од семејството што го запознав. Ги посоветував да ја посетат Олга за да му пружат поддршка на семејството, но и за нивните животи да бидат поттикнати од целото искуство.

Олга преживеа до следниот понеделник. Таа вечер, враќајќи се од работа, се сретнав со семејството. Родителите беа одлучиле да се вратат во Грција со Олга, за да може таму да почине. Понеделникот ги направиле сите потребни подготовки за патувањето. Конечно, ако преживее, Олга од Њујорк ќе тргне за Грција в среда, на 1 мај 1985 година. И таа вечер останав со нив до доцна, радувајќи се на благодатта на овие неверојатни луѓе. Го исчекував и нејзиното заминување, на авион за Грција или со ангелите во нејзиниот вечен дом. Беа тоа напнати моменти, реални моменти од еден свет на жива вера со неискажливи длабочини.

Вторник, 30 април. Телефонот ми ѕвони. Една од трите женички со кои зборев пред некој ден се слушнала со нејзиниот духовник, познатиот старец Порфириј. Тој имаше дар на прозорливост, и целиот свет го знае како свет човек. Ги гледа нештата не како нас, продира онаму каде што нашиот поглед застанува. Ѝ рекол дека ќе се моли за Олга, но и дека и тие треба да се молат, па Бог ќе го направи своето. Таа беше убедена дека сигурно има надеж.

– Те молам – ѝ реков – немој да избрзаш и на родителите да им кажеш нешто за ова. Запознаена си со ситуацијата. Ги знаеш околностите; девојчето умира. Чудо е што сѐ уште е жива. И ти со свои очи виде. Подобро е помалку да зборуваме, зашто може да се случат повеќе работи. Подобро е вака, отколку да им даваме надеж, а ништо да не се случи.

Олга го преживеа вторникот. Околу 10 вечерта дојдов на веќе редовната средба со семејството. Влегов во собата и ме пречека една несекојдневна сцена, ба-

СРЕЌАВАЈЌИ ГИ ОВИЕ ЛУЃЕ, ЈАС СРЕТНАВ ВИСТИНСКИ ВЕРНИ ЛУЃЕ. НИКОГАШ ПРЕТХОДНО НЕ БЕВ НАИШОЛ НА ВАКВА ВЕРА. ТОА БЕШЕ ВЕРА ШТО МОЖЕ ДА СЕ СРЕТНЕ САМО КАЈ ЛУЃЕ ШТО ГИ СВЕДОЧАТ ПОСЛЕДНИТЕ СЕКУНДИ ОД ЖИВОТОТ НА НИВНОТО ДЕТЕ ЕДИНЧЕ.

рем за американска болница. Олга беше в кревет. Господин Коста стоеше малку подалеку од неа. Госпоѓа Марија, мајката, беше со госпоѓа Василија, една Гркиња од Америка, волонтер во болницата, која беше вистинска мајка на сите болни дечиња. Стоејќи една до друга, женичките читаа некаква посебна молитва, за мене дотогаш непозната. Запалиле темјан, свеќа, ставиле икона на Мајката Божја врз детето, и се молеа. Јас бев насреде собата. Ми пријде медицинската сестра и ме праша: „Што прават? Што чади и што мириса вака? Да не припаѓаат на некаква чуда црква?“ Сочувствително ѝ одговорив: „Не, верници се на Православната Црква“, мислејќи дека ќе разбере нешто од нашата источна култура. Таа си замина. Ние останавме во собата. Знаев многу молитви, но тие што во тој момент ги слушав, ги слушав за прв пат.

За петнаесетина минути молитвите завршија. Василија имаше малку осветено масло од кандилцата од две цркви посветени на Пресвета Богородица во Грција. Ја помазаа Олга крстовидно, прво на челото, на градите, па на десната и левата рака. Детето остана неподвижно. Но, штом го изобразија знакот на крстот на нејзиното лево стапало, Олга ја крена ногата, па ја спушти, и повторно го стори истото. Ништо друго не се случи. Двете жени во плач повикаа: „Мајко Божја, направи го своето чудо“, и продолжија да го помазуваат детето, целивајќи ѝ го челото. Олга остана потоната во нејзиниот свет.

Детето е неподвижно. Но, брзо потоа мајка ѝ се доближи до неа, и ја прашува: „Ме слушаш ли, мила моја Олга?“ Олга климнува потврдно. „Отвори ги очите, мое мило дете.“ Детето неуспешно се обидува да ги отвори очите. „Ајде, бакни ја госпоѓа Василија“. Олга ги мрда со усните како да сака да ја бакне.

Времето минува. Олга се врати во претходната состојба. Тивка, неподвижна. Нема никаков знак за контакт со светот околу неа. Никој не се осудува да ја вознемирува. Помина полноќ. Госпоѓа Марија веќе не може да се воздржи. Се навали над

*Фотографии од двете чудотворни икони со чии осветени масла жените ја помазале болната Олга. Долу: Чудотворна икона на Пресвета Богородица - Евангелистриа, од Тинос. Десно: Чудотворна икона на Пресвета Богородица од Канала .*





своето чедо и ја целива во челото. Како детето да реагира на бакнежот, но најверојатно само мајката си умислува. Жените се убедени дека има некаква промена. Господин Коста емотивно и сомничаво следи сè што се случува. Јас повторно рационализирам. Во глава ми се врти тоа дека и во најдобар случај, зборуваме за мали промени. Завршено е со детево. Немам ни најмала надеж дека ќе се опорави. Госпоѓа Василија ми вели дека немам вера. Кој знае? Можеби има право што ми го вели ова.

Лекарот рече дека Олга ќе умре в неделата навечер. Денес е среда, а детето сигурно покажа знаци на живот и контактибилност. Се делиме на оние што веруваат дека ќе се опорави, и оние што сме скептични и очекуваме да умре. Јас спаѓам во студенилото на втората група, поткрепен од логиката. Се збогувам од семејството кое заминува за Грција. Специјално амбулантно возило го пренесува детето до Њујорк, во претходно опишаната состојба. За Грција ќе патува во кревет, во придружба на медицинска сестра. Одлучено е таму да умре.

Следниот петок завртевме еден телефонски број во Грција, што ни беше даден доколку сакаме го дознаеме исходот со детето. Ни беше речено дека состојбата постепено ѝ се подобрува, иако сè уште е летаргична. Значи, на некој начин, таа е контактибилна. Ќе ја испитаат в недела. Се договоривме следниот вторник да се чуеме, десет дена по нејзината смртна пресуда. Многупати се обидовме да им се јавиме, но немаше одговор. Заклучивме дека Олга умрела и дека нејзините родители ја однеле на село за да ја погребаат и да се одморат. По две недели најдовме еден бостонски светеник, и тој отслужи заупокоена литургија. Навистина, сесрдно се молевме.

Помина мај, по него и јуни, и дојде јули. Немавме вести, па продолживме на ист начин во Бостон. Пристигаа нови деца од Грција, а секојдневниот стрес, помешан со радост и болка ни беше секојдневие.

На 8 јули пристигнав во Атина од Лондон, и веднаш одлучив да им заѕвонам на телефон на госпоѓа Марија и господин Коста. Можеби се вратиле од село. „Кој е на телефон?“, слушнав мал детски глас на другата страна од линијата. „Која си ти?“, зачудено прашав. „Олга“, ми одговори детскиот глас. „Олга, која Олга?“, засрамено прашав.

Ми го кажа целото име и презиме, и возбудено ме праша кој сум јас. Кога одговорив, ми рече: „Божјата Мајка направи чудо“. Ме покани да ги посетам, за да можела да ми покаже што научила по географија, математика итн. Ме кани, личноста за која се молев како да е одамна упокоена. Ја побарав мајка ѝ. „Колку е велик нашиот Бог“, ми одговори госпоѓа Марија од дното на своето срце. Штом завршив со телефонскиот разговор, во истиот момент појдов кај нив. Олга беше едно мало хиперактивно, импресивно дете исполнето со живот. Ја испрашував, како што се договоривме по телефон, да видам што научила. Со радост одговараше. Играв со неа. Почувствував дека логиката ме изневери. Не верував во тоа што го гледам, а претходно верував во тоа што не го гледав. Животот на Олга е најсилниот удар на моето неверие.

Оттогаш минаа 25 години. Олга заврши факултет, и ден денес е млада девојка, извор на радост и среќа за нејзините родители. Има и помала сестричка. Нејзиниот случај од најголемите светски научници направи лажговци. Ја порази логиката на прифатената статистика. Таа е потврда дека „кога Бог ќе реши, законите на природата се менуваат“. А секако, Господ Саваот и денес Е жив.

ДЕТСКИ БУКВАР

# Раѓањето Христово




Пророците зборуваа за доаѓањето на Месијата. Кога се исполни времето на Неговото доаѓање, со светот владееја Римјаните. Баш во тоа време автократорот Август нареди да се изврши попис на населението, при што секој требаше да се врати во местото на своето потекло. Така, тој сакаше да знае колку точно жители има државата што ја раководи, за да може да определи колкави даноци треба да се плаќаат.

Токму затоа праведниот Јосиф и Богородица Марија, којашто беше бремена, тргнаа од Назарет за Витлеем Палестински, од каде што потекнуваа. Ова патување беше долго и напорно. Но, чекор по чекор, стигнаа во Витлеем. Сепак, таму не можеа да најдат место за да се сместат, да јадат и одморат. Единствено можеа да се сместат во една пештера што пастирите ја користеа за засолнување на нивните животни. И токму таму Богородица Марија Го роди Синот Божји, нашиот Христос! И бидејќи немаа креветче, Бебето Го легнаа во јасли од кои животните земаа храна. Пештерата се исполни со светлина, а животните, со својот здив ја загреаја просторијата, и Го придружуваа Богодетето.

Една ѕвезда засветли над пештерата, објавувајќи дека нешто чудесно се случува во неа. Небото со отвори и ангелите се спуштаа на земјата, пеејќи Му на Бога: „Слава на Бога во висините, на земјата мир, меѓу луѓето добра волја!“

Пастирите, простодушни луѓе што во тоа време се затекнаа таму, поитаа да Го видат и да Му се поклонат на Бебето, како што еден ангел ги посоветува.

Тројцата мудреци од исток кои ја следеа ѕвездата, исто така Му се поклонија и Му принесоа подароци: злато, зошто роденото беше Цар, ливан, зашто беше Бог и смирна, зашто знаеја дека ќе го жртвува Својот живот за луѓето.

## Помалку познати зборови и фрази

- ☞ Витлеем – град во близина (оддалечен 10 km) на Ерусалим; името му значи „Дом на лебот“
- ☞ Јасли – направа во облик на корито прицврстено до ѕид во којашто се става храна за добиток
- ☞ Ливан – вид смола со пријатен мирис
- ☞ Смирна – миро, мирисливо масло

Како гласат црковните песни што ги пееме на Божик?

⁂ Раѓањето Твое, Христе Боже наш, го озари светот
со светлина на знаењето; во неа пак, оние што им служеа
на ѕвездите од ѕвездата се учеа Тебе да Ти се поклонуваат,
Сонце на правдата, и да Те познаат Тебе, Исток на височините, Господи, Слава Ти.

⁂ Дева денес Надсуштествениот Го раѓа
и земјата Му принесува пештера на Непристапниот,
ангелите со пастирите славословуваат, а мудреците со ѕвездата патуваат,
зашто, заради нас се роди Младенец, Предвечниот Бог.

## КВИЗ

Откако внимателно ќе го прочиташ текстот, потруди се да ги одговориш следниве прашања:

1. Во кој палестински град се родил Исус Христос?
2. Кој ја следел ѕвездата за да Го најде и да Му се поклони на Бебето Христос?
3. Што пееле ангелите ноќта кога Христос се родил?
4. Што Му подариле мудреците на Христа?

## ЗАПОМНИ



Христовото раѓање, кое го нарекуваме Божик или Рождество, е радосен настан што се случил пред околу две илјади години, почеток на една нова ера и јасен показател на Божјата љубов кон луѓето.




Колку е значаен настанот на Раѓањето Христово на земјата може да видиме и преку поделбата на историјата. Имено, на годините пред Раѓањето Христово им додаваме „пред Христа“ или „пред новата ера“, и ги броиме наназад, додека на годините по Неговото Раѓање додаваме „по Христа“ или „од нашата ера“.

# Христос се крштева во реката Јордан



Исус растеше покрај Богородица и праведен Јосиф. Живееше како и другите деца, но оние што вистински Го познаваа, насетуваа дека не е како другите деца. Кога наполни триесет години, појде на реката Јордан, каде што Јован Крстител, наречен уште и Претеча, ги повикуваше луѓето да го сменат начинот на којшто живеат и да се покаат, затоа што се приближило Царството Небесно. Всушност, Јован ги подготвуваше луѓето за доаѓањето Исусово, велејќи им: „Јас ве крштевам (потопувам) со вода, а Исус ќе ве крштева со Светиот Дух".

И така, дојде Исус кај Јован, и побара овој да Го покрсти. Но на Јован Светиот Дух му откри дека Исус е Месијата, и затоа Крстителот не сакаше Му дозволи на Исуса да се покрсти, велејќи Му: „Ти мене треба да ме покрстиш". Сепак, Исус му објаси дека и Тој, како човек, треба да се покрсти, за да продолжи со Божјото дело. Јован веднаш Го послуша и го потопи во водите на реката Јордан. И ете, чудо! Во тој момент се отвори небото и Светиот Дух, во вид на гулаб, се спушти над Исус, а се чу и глас, на Бога Отецот, кој велеше: „Ова е Мојот возљубен Син, Кој е по Мојата волја".

Токму во овој момент Исус им се јави на луѓето како Спасител (затоа и празнувањето на овој настан го нарекуваме Богојавление, дека Бог се јави), и јавно го започна Неговото искупително дело. Но, во овој момент се јави и Бог како Троица: Отецот Кој зборуваше, Синот Кој се крштеваше и Светиот Дух Кој во вид на гулаб се спушти врз Исус. Овој настан го празнуваме секоја година на 19 јануари.



## Помалку познати зборови

☞ Претеча – претходно, човек кој претходи некому
☞ Царство Небесно – вечното Божјо Царство
☞ Троица – како православни христијани, веруваме во Еден Бог во Три Личности: Отец, Син и Свет Дух

Како гласат црковните песни што ги пееме на Божик?

⁂ Кога во Јордан се крштеваше Господи, се покажа Троично поклонение:
оти, Родителскиот глас Те сведочеше Тебе, возљубен Син именувајќи Те,
и Духот во вид на гулаб известуваше потврдување на зборовите.
Тебе Кој се јави Христе Боже и светот го просвети, слава Ти.

⁂ Се јави денес на вселената,
и светлината Твоја, Господи, се означи на нас,
во разумот на тие што Те пеат: дојде и се јави
Светлино Непристапна.

Поврзи ги зборовите од двете колони, за да составиш точни реченици поврзани со празникот на Богојавлението.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Бог Отецот | * | * | ги подготвуваше луѓето за доаѓањето Исусово. |
| Синот | * | * | се јави во вид на гулаб. |
| Светиот Дух | * | * | рече: „Ова е Мојот возљубен Син". |
| Св. Јован Претеча | * | * | се покрсти во реката Јордан. |

## Запомни



Крштението на Исус Христос во реката Јорда го славиме на празникот наречен Богојавление. Со крштението, Исус Христос јавно го започна Неговото искупително дело и Го објави Бога како неразделна Троица. Како што Исус Христос се покрсти, така и сите ние треба да се покрстиме.

## Активност за дома



Прашај ги родителите дали си крстен/а. Ако си, дознај повеќе за твојата крштевка – на кој ден се случила, кој свештеник те покрстил, кој ти е кум, итн. Побарај фотографии од овој многу важен настан, и направи албум. Доколку носиш име на некој светител, дознај повеќе за неговиот свет живот и секој ден, со свои зборови, помоли го да те штити и да ти помага.

# ОД ЕПАРХИСКОТО ИЗДАВАШТВО




РОМАН НА ГОДИНАТА
ЗА 2012

ПРОДАДЕНИ НАД ДВА
МИЛИОНИ ПРИМЕРОЦИ ШИРУМ
СВЕТОТ И ДОПОЛНИТЕЛНИ
ЧЕТИРИ МИЛИОНИ
ЕЛЕКТРОНСКИ ПРИМЕРОЦИ

БЕСТСЕЛЕР ПРЕВЕДЕН НА
АНГЛИСКИ, ГЕРМАНСКИ,
ФРАНЦУСКИ, ШПАНСКИ,
ИТАЛИЈАНСКИ, РОМАНСКИ,
КИНЕСКИ, ГРЧКИ, СРПСКИ И
ПОЛСКИ ЈАЗИК













**СИТЕ КНИГИ**

www.koe.mk/izdavastvo/

**НАРАЧКИ**

www.koe.mk/naracki/
kontakt@koe.mk

www.koe.mk